**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**Ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk** e-mail: **kzk@kzk.gov.mk**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА РАБОТАТА НА

# КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

# ВО 2025 ГОДИНА

**30 Март 2026**

Ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

***Годишниот извештај за работа на Комисијата за заштита на конкуренцијата во 2025 година е изготвен согласно членот 26 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ“ бр.145/10, 136/11, 41/1453/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.208/24 и 16/25), со кој е утврдена обврска за Комисијата за заштита на конкуренцијата, најдоцна до 31 март од наредната година, до Собранието на Република Северна Македонија да достави Годишен извештај за работа на Комисијата за заштита на конкуренцијата за претходната година.***

***Во Годишниот извештај се содржани детални информации за извршување на надлежностите од Законот за заштита на конкуренцијата, Законот за контрола на државната помош, Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехрамбени производи како и детални информации за материјално-финансиското работење на Комисијата за заштита на конкуренцијата.***

***Во извештајот е даден преглед на активностите реализирани од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата во текот на 2025 година. Притоа е даден посебен осврт на активностите на Комисијата за заштита на конкуренцијата поврзани со спроведувањето на Законот за заштита на конкуренцијата (предметите по кои постапувала Комисијата за заштита на конкуренцијата во управна постапка и предметите по кои постапувала Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата во прекршочна постапка, изготвените анализи на пазарот и дадени мислења од областа на заштитата на конкуренцијата) и активностите поврзани со спроведувањето на Законот за контрола на државната помош (пред се одлуките донесени во постапка на оценка на компатибилноста на државната помош и дадени мислења од областа на контрола на државната помош), Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехрамбени производи, како и на изготвувањето на останатата регулатива во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата. Во овој извештај се прикажани и активностите кои Комисијата за заштита на конкуренцијата ги има остварено во текот на 2025 година на меѓународен план. На крајот од извештајот е даден преглед на финансиското работење на Комисијата за заштита на конкуренцијата во 2025 година.***

Ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**СОДРЖИНА**

**П Р Е Д Г О В О Р........................................................5**
**А. КОНКУРЕНЦИЈА ........................................................8**
**1. Правна рамка ........................................................8**
**1.1 Закон за заштита на конкуренцијата........................................................8**
**1.2 Подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за заштита на конкуренцијата........................................................8**
**2. Активности на Комисијата во 2025 година во областа на заштитата на конкуренцијата........................................................10**
**2.1. Прекршочни постапки кои се водени пред Комисијата во 2025 година........................................................10**
**2.1.1 Договори, одлуки и усогласено однесување помеѓу претпријатијата..................10**
**2.1.2 Злоупотреба на доминантна позиција........................................................16**
**2.1.3 Потешки прекршоци во постапка за оценка на концентрации ............................17**
**2.1.4 Постапки кои завршиле со донесување на Заклучок........................................................21**
**2.1.5 Одлуки на судовите по решенија на Комисијата........................................................24**
**2.2 Управни постапки кои се водени пред Комисијата во 2025 година…………………….........................................................24**
**2.3. Дадени мислења од страна на Комисијата ........................................................39**
**2.4. Анализи во одредени сектори........................................................40**
**2.5. Соработка на Комисијата со регулаторни тела и други државни органи ........................................................42**
**Б. ДРЖАВНА ПОМОШ........................................................42**
**3. Правна рамка ........................................................42**
**3.1 Закон за контрола на државната помош........................................................42**
**3.2.Подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за контрола на државната помош........................................................43**
**4.Методолошки принцип........................................................44**
**4.1 Закон за контрола на државната помош........................................................44**
**5. Активности на Комисијата ........................................................45**
**5.1Донесени одлуки/решенија за доделена државна помош........................................46**
**5.2. Доделена државна помош во 2025 година........................................................51**
**5.3 Државна помош по инструменти........................................................55**
**5.4 Мислења од страна на Комисијата ........................................................55**
**6. Коментари и заклучоци........................................................57**
**В. ЗАКОН ЗА ЗАБРАНА НА НЕФЕР ТРГОВСКИ ПРАКТИКИ ВО СИНЦИРОТ НА СНАБДУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ....58**
**Г.ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ........................................62**
**7. Интеграција во ЕУ........................................................62**
**7.1 Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2025 година во областа на антитруст и државната помош..............................................62**
**7.2. Меѓуресорска соработка на планот на европска интеграција................................63**
**8.Меѓународна соработка........................................................63**
**8.1.Билатерална соработка........................................................64**
**8.2.Мултилатерална соработка........................................................64**
**9.Транспарентност........................................................64**

Ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**Д. АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ НА КОМИСИЈАТА........................................65**
**Ѓ. ЗАКЛУЧОК.......................................................................................................... .............65**
**Е.ФИНАНСОВ ИЗВЕШТАЈ.....................................................................................................66**

# П Р Е Д Г О В О Р

Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) е основана во 2005 година како самостоен, колегијален и независен државен орган, одговорен за својата работа единствено пред Собранието на Република Северна Македонија. Комисијата е надлежна за спроведување на Закон за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ“ бр.145/10, 136/11, 41/1453/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.208/24 и 16/25) (во понатамошниот текст: ЗЗК) чија цел е откривање, спречување и санкционирање на различните облици на загрозување, спречување и нарушување на конкуренцијата на пазарот, Законот за контрола на државната помош („Службен весник на РМ“ бр. 145/10) (во понатамошниот текст: ЗКДП) чија цел е надзор над секој облик на државна помош доделен во Република Северна Македонија, во функција на обезбедување слободна конкуренција и пазарен натпревар ослободен од влијанијата на државниот интервенционизам, како и Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехрамбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24) (во понатамошниот текст: Закон за нефер трговски практики), чија цел е спречување на нефер трговските практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехрамбени производи, со чие наметнување се искористува значителната преговарачка моќ на купувачот во однос на неговите добавувачи.

Во остварувањето на своите надлежности, Комисијата води управни постапки и донесува решенија во управна постапка.

Прекршочните постапки согласно ЗЗК и Закон за нефер трговски практики ги води Комисијата за одлучување по прекршок (во понатамошниот текст КОП) при Комисијата за заштита на конкуренцијата. Во прекршочните постапки за утврдените повреди на одредбите од ЗЗК и Закон за нефер трговски практики, КОП изрекува глоба како прекршочна санкција, согласно одредбите од истите и согласно Законот за прекршоци.

Во текот на 2025 година, Комисијата има донесено вкупно 143 решенија во управна постапка од кои

- 121 решение се однесуваат за контрола на концентрации и
- 22 решенија се однесуваат за контрола на државната помош и

Во 2025 година, од 121 донесено решение за контрола на концентрациите:

- во 116 решенија се утврди дека концентрацијата иако потпаѓа под одредбите од ЗЗК истата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на ЗЗК и се одобрени без наметнување на обврски и услови
- во 5 решенија утврди дека концентрацијата не потпаѓа под одредбите на ЗЗК.

Две известување за концентрација се запрени со заклучок за запирање на постапката (едно известување е нецелосно и кај едно известување за концентрација, подносителот се откажа од известувањето).

Со едно решение се поништи решение со кое претходно е одобрена концентрацијата, на барање на странката.

Во 2025 година, од 22 донесени решенија за планирано доделување на државна помош:

- во 18 решенија се утврдува дека мерките содржани во известувањата доставени до Комисијата од страна на давателите на државна помош претставуваат државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош од кои:
    - Во 9 решенија Комисијата го дозволи доделувањето на регионална помош
    - во 4 решенија Комисијата утврди дека дел од мерките содржани во известувањето претставуваат помош од мало значење (de minimis помош) додека дел од мерките претставуваат доделување на хоризонтална помош
    - во 1 решение Комисијата утврди дека дел од мерките содржани во известувањето претставуваат помош од мало значење (de minimis помош), дел претставуваат доделување на хоризонтална помош додека дел претставуваат доделување на државна помош за унапредување на остварување на проекти од значаен економски интерес за Република Македонија
    - во 4 решенија Комисијата утврди дека мерките содржани во известувањето претставуваат доделување на државна помош за унапредување на остварување на проекти од значаен економски интерес за Република Македонија
    - во 2 решенија а на барање на давателот на државната помош Комисијата поништи претходно донесени решенија за планирано доделување на државна помош
- во 2 решенија Комисијата согласно член 15 став (5) од Законот за контрола на државната помош не го дозволи планираното доделување на државна помош

Комисијата донесе 1 Заклучок за поведување постапка за оценување на дозволеноста на доделувањето на државната помош на Друштвото за услуги ЕМАПТА ДООЕЛ Скопје.

Дополнително, Комисијата има дадено 8 мислења согласно Законот за заштита на конкуренцијата и 30 мислења согласно Законот за контрола на државната помош.

Во текот на 2025 година, КОП донесе 31 решение во прекршочна постапка од кои:
- во 28 утврди прекршок и изрече вкупна глоба од 56.206.321,00 денари (910.961,00 евра),
- во 3 решенија утврди дека нема прекршок.

Ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Во 21 решение е утврден прекршок на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата со вкупно изречена глоба во износ од 50.884.696,00 денари и тоа:

- 5 решенија се однесуваат на забранет договор/одлука (со вкупно изречена глоба во износ од 37.961.696.00,00 денари);
- 2 решенија се однесува на злоупотреба на доминантна позиција (со истото решение со кое е утврдено постоење забранет договор е утврдено и постоиење на злоупотреба на доминантната позиција), (со вкупно изречена глоба во износ од 1.547.500,00 денари);
- 10 решенија се однесуваат на полесен прекршок – недоставување на податоци/доставување на нецелосни податоци (со вкупно изречена глоба во износ од 640.000,00 денари) и
- 5 решенија се однесуваат на непријавени концентрации (со вкупно изречена глоба во износ од 10.735.500,00 денари).

Во 7 решенија е утврден прекршок на одредбите од Закон за нефер трговски практики, со вкупно изречена глоба во износ од 5.321.625,00 денари (86.250,00 евра).

Во 2025 година Управниот суд потврди 3 решенија на КОП, додека поништи 2 решенија и 1 заклучок на КОП. Вишиот Управен Суд потврди 1 решение и 1 заклучок на КОП и поништи 1 решение и 1 заклучок на КОП.

Комисијата, имајќи ги предвид расположивите кадровски и финансиски ресурси е задоволна од остварениот обем на активности и постигнатите резултати на полето на заштитата на конкуренцијата, контролата на државната помош и спроведувањето на Закон за нефер трговски практики во Република Северна Македонија во текот на 2025 година. Изготвувањето на овој годишен извештај, освен што претставува законска обврска согласно ЗЗК, претставува и корисен начин за обезбедување на транспарентност во работењето на Комисијата, како и за обзнанување на работата на Комисијата пред стручната и бизнис јавноста во Република Северна Македонија. Имено, овој Извештај има за цел одлуките и прописите донесени од страна на Комисијата во текот на 2025 година да бидат систематизирани на едно место иако истите се објавуваат во Службен весник на Република Северна Македонија и на веб страната на Комисијата.

**Скопје, 30 Март 2026 година**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ - Претседател**
**М-р Борче Размоски – Член**
**Александар Тргачевски – Член**
**Никола Трајчевски – Член**
**Valon Elezi - член**

Ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

# А. КОНКУРЕНЦИЈА

## 1. Правна рамка

Законската рамка во заштитата на конкуренцијата ја сочинува Законот за заштита на конкуренцијата и подзаконските акти донесени врз основа на Законот за заштита на конкуренцијата.

### 1.1 Закон за заштита на конкуренцијата

**Закон за заштита на конкуренцијата** („Службен весник на РМ“, бр. 145/10), е целосно усогласен со европското право за заштита на конкуренција односно членовите 101, 102, 106 и 107 од Договорот за функционирање на ЕУ и ЕУ актите: 32003R0001, 32004R0773, 32004R0139, 31997Y1209(01), 52001XC1222(03), 52006XC1208(04) и 52006XC0901(01). На 10 октомври 2011 влезе во сила **Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата** („Службен весник на РМ“ бр. 136/11) со кој се изврши понатамошно усогласување на Законот за заштита на конкуренцијата со Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр. 38/05, 110/08 и 51/11), односно се изврши допрецизирање и уредување на одредби за воведување на постапка за ефектуирање на принципот „молчењето значи одобрување“. На 04.03.2014 година влезе во сила **Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата** („Службен весник на РМ“ бр. 41/14), со кој се изврши допрецизирање на постапката за избор на претседател и членови на Комисијата и на условите кои претседателот и членовите на Комисијата треба да ги исполнуваат. На 21.03.2016 година влезе во сила **Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата** („Службен весник на РМ“ бр. 53/16), со кој се изврши усогласување со Законот за општата управна постапка како и допрецизирање на условите кои претседателот и членовите на Комисијата треба да ги исполнуваат. На 08.05.2018 година влезе во сила **Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата** („Службен весник на РМ“ бр. 83/18), со кој се изврши допрецизирање на условите кои претседателот и членовите на Комисијата треба да ги исполнуваат.

На 09.10.2024 година влезе во сила **Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата** („Службен весник на РМ“ бр. 208/24), со кој се изврши измена со која сите членови на Комисијата треба да бидат професионално ангажирани и се изврши допрецизирање на условите кои претседателот и членовите на Комисијата треба да ги исполнуваат.

На 24.01.2025 година влезе во сила **Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата** („Службен весник на РМ“ бр. 16/25), со кој се изврши допрецизирање на составот на Комисијата за одлучување по прекршок.

### 1.2 Подзаконски акти кои произлегуваат од ЗЗК

***На предлог на Комисијата, Владата на РМ на 23.03.2012 година донесе 9 (девет) уредби кои произлегуваат од ЗЗК***:

1. Уредба за поблиските услови за договори од мало значење („Службен весник на РМ“ бр. 44/12). Со оваа уредба е транспонирана ЕУ мерката 52001XC1222(03*)*;
2. Уредба за формата и содржината на известувањето за концентрација и потребната документација која се поднесува заедно со известувањето („Службен весник на РМ“ бр. 44/12). Со оваа уредба е транспонирана ЕУ регулативата 32004R0802;
3. Уредба за групно изземање на одредени видови договори за осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 44/12). Со оваа уредба е транспонирана ЕУ регулативата 32010R0267;
4. Уредба за поблиските услови за групно изземање на одредени видови на хоризонтални договори за специјализација („Службен весник на РМ“ бр. 44/12). Со оваа уредба е транспонирана ЕУ регулативата 32010R1218;
5. Уредба за поблиските услови за групно изземање на одредени видови на договори за трансфер на технологија, за лиценца или за know - how („Службен весник на РМ“ бр. 44/12). Со оваа уредба е транспонирана ЕУ регулативата 32004R0772;
6. Уредба за групно изземање на одредени видови вертикални договори („Службен весник на РМ“, бр. 42/12). Со оваа уредба е транспонирана ЕУ регулативата 32010R0330;
7. Уредба за групно изземање на одредени видови договори за дистрибуција и сервисирање на моторни возила („Службен весник на РМ“ бр. 41/12). Со оваа уредба е транспонирана ЕУ регулативата 32010R0461;
8. Уредба за поблиските услови за групно изземање на одредени видови договори за истражување и развој („Службен весник на РМ“, бр. 41/12). Со оваа уредба е транспонирана ЕУ регулативата 32010R1217 и
9. Уредба за поблиските услови за ослободување или намалување на глобата и постапката под која Комисијата за одлучување по прекршок одлучува за ослободување или намалување на глобата („Службен весник на РМ“, бр. 41/12). Со оваа уредба е транспонирана ЕУ мерката 52006XC1208(04).

Со овие уредби се постигна повисок степен на усогласеност на националното законодавство со ЕУ *acquis*.

***Комисијата во досегашниот период ги има донесено следните насоки***:

1. Насоки за начинот на одмерувањето на глобата изречена согласно ЗЗК
2. Насоки за ослободување или намалување на глобата
3. Насоки за дефинирање на релевантен пазар за целите на ЗЗК
4. Насоки за примена на член 7 од ЗЗК за хоризонтални договори за соработка
5. Насоки за вертикални ограничувања
6. Насоки за примената на член 7 став (3) од ЗЗК
7. Насоки за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со ЗЗК
8. Насоки за начинот на поднесување и пополнување на известување за концентрација
9. Насоки за можни измени и преземање на обврски во однос на пријавените концентрации прифатливи за Комисијата согласно ЗЗК
10. Насоки за ограничувањата директно поврзани и неопходни за спроведување на концентрацијата

11. Насоки за оценка на хоризонталните концентрации за целите на ЗЗК
12. Насоки за оценка на вертикални и конгломератни концентрации
13. Насоки за поимот концентрација
14. Водич за откривање незаконски договарања во постапките за доделување на договори за јавни набавки

На 27 ноември 2024 година Комисијата донесе Насоки за подготовка на недоверливи верзии на решенија донесени согласно ЗЗК.

На 03 декември 2024 година, Комисијата донесе модел текст за откажување од доверливост.

## 2. Активности на Комисијата во 2025 година во областа на заштитата на конкуренцијата

Основни активности кои Комисијата ги врши согласно ЗЗК се:

- водење на постапки за утврдување на постоење на прекршоци утврдени во ЗЗК;
- водење на управни постапки за оценка на концентрации;
- анализа на состојбите на одредени пазари и
- давање на мислења.

### 2.1. Прекршочни постапки кои се водени пред Комисијата во 2025 година

ЗЗК утврдува три основни облици на дејствување на претпријатијата со кои може да се спречи, ограничи или наруши конкуренцијата на пазарот. Тоа се: забранети договори, злоупотреба на доминантна позиција и забранети концентрации. Согласно ова, делокругот на Комисијата, во потесна смисла на зборот, ги опфаќа следните основни подрачја:

- утврдување на постоење на забранети договори, одлуки и усогласено однесување помеѓу претпријатијата;
- злоупотребата на доминантната позиција од страна на претпријатија кои поседуваат доминантна позиција и
- контрола на концентрациите на претпријатијата.

Утврдување на постоење на забранети договори, одлуки и усогласено однесување помеѓу претпријатијата и постоење на злоупотребата на доминантната позиција од страна на претпријатија кои поседуваат доминантна позиција се врши во прекршочни постапки. Прекршочните постапки ги води и донесува решенија КОП составена од претседателот и тројца членови на Комисијата кои се професионално ангажирани во работењето на Комисијата.

#### 2.1.1 Договори, одлуки и усогласено однесување меѓу претпријатијата

Согласно ЗЗК, забранети се сите договори склучени помеѓу претпријатија, сите одлуки на здруженија на претпријатија, како и секое усогласено однесување кои произведуваат дејство на територијата на Република Северна Македонија, а чија цел или последица е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата. Ваквата

забрана, дефинирана во член 7 став 1 од ЗЗК, особено се однесува на оние договори, одлуки односно договорени практики чија што цел, односно последица е:

- директно или индиректно фиксирање на куповните или продажните цени или некои други услови на тргување;
- ограничување или контролирање на производството, пазарот, техничкиот развој или инвестициите;
- поделба на пазарот или изворите на снабдување;
- примена на различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери со што овие ги ставаат во понеповолна конкурентска позиција и
- условување на склучувањето на договорите со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот.

Од друга страна, договорите, одлуките, односно договорените практики кои што имаат за цел, односно последица спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, согласно член 7 став (3) од ЗЗК, можат да бидат изземени од примената на член 7 став (1) од ЗЗК, доколку придонесуваат за унапредување на производството или дистрибуцијата на добрата или услугите или за промовирање на техничкиот или економскиот развој, под услов од тоа да имаат сразмерна корист и потрошувачите, со нив да не им се наметнуваат на засегнатите претпријатија ограничувања кои не се неопходни за постигнување на ваквите цели и доколку со ваквите договори, одлуки односно договорени практики не се елиминира во значителен обем конкуренцијата за производите или услугите кои се во прашање.

Покрај ваквите индивидуални изземања, македонскиот систем на заштита на конкуренцијата познава и т.н. групни изземања на точно определени категории на договори и тоа:

- вертикални договори;
- хоризонтални договори за истражување и развој
- хоризонтални договори за специјализација;
- договори за трансфер на технологија, за лиценца или за know-how;
- договори за дистрибуција или сервисирање на моторни возила и
- договори за осигурување.

Групното изземање на овие категории на договори се врши врз основа на соодветни уредби донесени од Владата на Република Македонија во 2012 година (види точка 1.2).

**Во 2025 година КОП донесе 5 решенија за постоење на забранет договор, одлука или усогласено однесување и тоа:**

1. **Решение ПП бр. 09-2/11 од 30.04.2025 година**, со кое, во постапка поведена по службена должност КОП утврди дека Здружението на приватни лекари на Република Македонија, како здружение на претпријатија во смисла на член член 5 став (1) алинеа 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, <u>во периодот од 10.03.2012 година до денот на</u>

донесување на решението донело забранета одлука, бр.сл од 10.03.2012 година со која е донесен Ценовникот за услуги за приватни пациенти и приватни услуги, одлука со која директно или индиректно се фиксираат продажните цени на услуги за приватни пациенти и приватни услуги чија цел е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, **со што сторило прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата,** за што на сторителот Здружение на приватни лекари на Република Македонија му се изрече санкција - **глоба во износ од 101.766 денари**.

Постапката е во тек пред Виш Управен Суд.

2. **Решение ПП бр. 09-81/1 од 13.05.2025 година**, со кое, во постапката поведена по барањето на Асоцијација на кабелски оператори АКО – стопанска интересна заедница Скопје, против Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации, и постапувајќи по службена должност против Арена Чанелс Груп Друштво со ограничена одговорност Белград КОП утврди дека:

Македонски Телеком АД Скопје и Арена Чанелс Груп Друштво со ограничена одговорност Белград како претпријатија кои учествувале на пазарот на дистрибуција на големо/реемитување на телевизиските канали на кои се емитуваат фудбалските натпреварувања на УЕФА Лига Шампиони и УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа, - АРЕНА СПОРТ КАНАЛИТЕ и нивните ХД верзии на територијата на Република Северна Македонија, во периодот од 29.06.2018 година, односно 16.07.2018 година до 31.08.2021 година склучиле ограничувачкидоговор

со кој Арена Чанелс Груп ( му доделила на МТ ексклузивно право за дистрибуција на големо/реемитување на телевизиските канали на кои се емитуваат фудбалските натпреварувања на УЕФА Лига Шампиони и УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа, - АРЕНА СПОРТ КАНАЛИТЕ и нивните ХД верзии на територијата на Република Северна Македонија, со што им нанела штета на останатите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи кои вршат пренос на аудио-визуелни содржини до крајни корисници на територијата на Република Северна Македонија, а со тоа и на крајните потрошувачи и со одредени одредби од наведениот договор се нарушилаконкуренцијата, **поради што истите согласно член 7 став (1) точка 2) од ЗЗК се забранети и претставуваат прекршок од член 59 став (1) точка 1) од ЗЗК,** за што на сторителот Македонски Телеком АД Скопје му се изрече санкција – глоба во износ од 3.075.000,00 денари, и на сторителот Арена Чанелс Груп Друштво со ограничена одговорност Белград му се изрече санкција – **глоба во износ од 3.075.000,00 денари.**

Постапката е во тек пред Виш Управен Суд.

3. **Решение ПП бр. 09-21/15 од 23.05.2025 година**, со кое, во постапка поведена по службена должност против Трговско друштво за вработување на инвалидни лица – заштитно друштво за производство, трговија и услуги ТЕЛХО-ДЕЛ ДООЕЛ увоз-извоз Делчево, и Друштво за производство, трговија и услуги СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 ДООЕЛ Делчево, КОП утврди дека наведените друштва како независни претпријатија кои вршат трговија на големо со алкохолни и безакохолни пијалоци на територијата на градовите Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица, во периодот од 25.12.2017 година до денот на донесување на решението учествувале во забранет

Ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

договор – картел, на начин што склучиле забранет договор со кој вршат поделба на пазарите и купувачите **што претставува прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 3) од Законот за заштита на конкуренцијата**, за што на сторителот ТЕЛХО-ДЕЛ ДООЕЛ увоз-извоз Делчево му се изрече санкција – **глоба во износ од 500.000,00, денари** и на сторителот СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 ДООЕЛ Делчево му се изрече санкција – **глоба во износ од 500.000,00, денари**.

Постапката е во тек пред Управен Суд.

4. **Решение ПП бр. 09-15/93 од 21.11.2025 година,** со кое, во постапка поведена по службена должност против Сојуз на стопански комори на Македонија, Друштво за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, Друштво за трговија на мало и големо КАМ ДОО Илинден, Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и Трговско друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје, КОП утврди дека истите, како конкуренти кои делуваат на пазарот на продажба на стоки и услуги на мало во неспецијализирани продавници (вршат трговија на мало со прехрамбени производи, пијалаци, производи од тутун, производи за лична хигиена, производи за хигиена во домаќинството и сл.) и Сојуз на стопански комори на Македонија, како координатор, во периодот од 05.02.2025 година до 19.02.2025 година учествувале во забранет договор и /или усогласено однесување - картел, кој имал за цел нарушување на конкуренцијата, спротивно на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, **што преставува прекршок од 59 став (1) точка 1) од Законот**, на начин што на 05.02.2025 година одржале состанок на кој договориле да не прифаќаат нови или зголемени ценовници од добавувачи („колективен бојкот“) минимум до крајот на првиот квартал од 2025 година, со што намерно ја замениле состојбата на непречена конкуренција на релевантниот пазар со состојба на практична соработка. За сторениот прекршок на сторителите:**ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје му се изрече глоба во износ од 3.075.000 денари, на КАМ ДОО Илинден, му се изрече глоба во износ од 3.075.000 денари, на РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје му се изрече** глоба во износ од 3.075.000 денари,**на ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје, му се изрече** глоба во износ од 3.075.000 денари **и на Сојуз на стопански комори на Македонија, му се изрече** глоба во износ од 1.143.000 денари.

Постапката е во тек пред Управен Суд.

5. **Решение ПП бр. 09-48/77 од 03.12.2025 година**, со кое, во во постапката поведена по службена должност, против: Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп; ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје; САВА осигурување а.д. Скопје; Акционерско друштво ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ Скопје; Акционерско друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје; Акционерско друштво за осигурување ГРАВЕ Скопје; Друштво за осигурување УНИКА А.Д. – Скопје; Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА Скопје; Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје и КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за неживотно осигурување Скопје, КОП утврди дека истите, како меѓусебни конкуренти делуваат на пазарот на осигурување од автомобилска одговорност за штети предизвикани на трети лица, во периодот од 01.03.2024 година до 07.05.2024 година учествувале во забранет договор и/или усогласено

Ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

однесување - картел, кој имал за цел нарушување на конкуренцијата, спротивно на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, **што преставува прекршок од 59 став (1) точка 1) од Законот**, на начин што преку меѓусебна комуникација и координација во ист период донеле одлуки за измена/зголемување на делот на премијата за вршење на дејност осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица - (режиски додаток), со што намерно ја замениле состојбата на непречена конкуренција на релевантниот пазар со состојба на практична соработка. За сторениот прекршок на сторителите им се изрече вкупна **глоба во износ од 17.266.930,00 денари**.

Постапката е во тек пред Управен Суд.

**Табела 1: Преглед на предмети и изречени глоби за забранети договори и одлуки согласно ЗЗК**

| Број и дата на решение | Сторител на прекршок | Вид на прекршок | Износ на глоба во денари |
|---|---|---|---|
| **ПП бр. 09-2/11 од 30.04.2025** | Здружението на приватни лекари | Забранета одлука | **101.766,00** |
| **ПП бр. 09 од 13.05.2025 година** | Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации<br><br>Арена Чанелс Груп Друштво со ограничена одговорност Белград | Забранет договор | **3.075.000,00**<br><br>**3.075.000,00** |
| **ПП бр. 09-21/15 од 23.05.2025 година** | ТЕЛХО-ДЕЛ ДООЕЛ увоз-извоз Делчево и<br><br>Друштво за производство, трговија и услуги СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 ДООЕЛ Делчево | Забранет договор | **500.000,00**<br><br>**500.000,00** |
| **ПП бр. 09-15/93 од 21.11.2025 година** | Сојуз на стопански комори на Македонија,<br>Друштво за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје,<br>Друштво за трговија на мало и големо КАМ ДОО Илинден,<br>Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје<br>Трговско друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје | усогласено однесување - картел | **1.143.000,00**<br><br>**3.075.000,00**<br><br>**3.075.000,00**<br><br>**3.075.000,00**<br><br>**3.075.000,00** |
| **ПП бр. 09-48/77 од** | Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА | усогласено однесување - | **17.266.930,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **03.12.2025 година** | Скопје;<br>ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје;<br>САВА осигурување а.д. Скопје;<br>Акционерско друштво ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ Скопје;<br>Акционерско друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје;<br>Акционерско друштво за осигурување ГРАВЕ Скопје;<br>Друштво за осигурување УНИКА А.Д. – Скопје;<br>Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА Скопје;<br>Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје и<br>КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за неживотно осигурување Скопје | картел | |
| **Вкупно изречена глоба** | | | **37.961.696,00** |

**Во 2025 година КОП ги донесе следните решенија во кои утврди дека нема прекршок (забранет договор, одлука или усогласено однесување)**

**1. Решение ПП бр. 09-23/5 од 07.03.2025 година** со кое КОП утврди дека Друштвото за трговија, производство и услуги ПРОМЕДИКА ДООЕЛ Скопје и Друштвото за трговија, производство и услуги НЕОКОР МЕДИКА ДОО Скопје – во ликвидација, против кои е поведена прекршочна постапка, не сториле прекршок од член 59 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

**2. Решение ПП бр. 09-67/1 од 28.03.2025 година** со кое во постапката поведена по службена должност ПП бр.09-6/1 од 21.01.2021 година против Град Скопје, и Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје, заради евентуален сторен прекршок од Законот за заштита на конкуренцијата, КОП утврди дека Град Скопје и Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје не сториле прекршок од член 7 став (1) точка 2), а во врска со член 59 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

**3. Решение ПП бр. 09-12/13 од 11.07.2025 година** со кое во постапката поведена по Барање за поведување на прекршочна постапка ПП бр. 09-42/1 од 18.11.2022 година, од страна на Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, против ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, и ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје, заради усогласено однесување односно картел помеѓу посочените претпријатија, КОП не утврди дека ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје и АЛСАТ-М ДОО Скопје сториле прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со 7 став (1) точка 1), 2) и 4) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

### 2.1.2 Злоупотреба на доминантна позиција

Согласно ЗЗК забранета е секоја злоупотреба на доминантна позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантниот пазар или негов суштински дел. Во ЗЗК се дадени 6 особени случаи кои претставуваат злоупотреба на доминантната позиција:

- директно или индиректно наметнување на нефер куповни или продажни цени или други нефер услови на тргување;
- ограничување на производството, пазарите или техничкиот развој на штета на потрошувачите;
- примена на различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што се ставаат во понеповолна конкурентска позиција;
- условување на склучување договори со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи, не се во врска со предметот на договорот;
- одбивање да се тргува или поттикнување и барање од други претпријатија или здруженија на претпријатија да не купуваат или продаваат производи или услуги на некое определено претпријатие, со намера на нечесен начин да му нанесат штета на тоа претпријатие и
- одбивање да му се овозможи пристап во сопствената мрежа или други инфраструктурни објекти на друго претпријатие за соодветен надомест, под услов без ваквото истовремено користење, другото претпријатие, заради правни или фактички причини да биде оневозможено да дејствува како конкурент на доминантното претпријатие.

**Во 2025 година КОП донесе 2 решенија со кое утврди постоење на злоупотреба на доминантната позиција и тоа:**

**1.Решение ПП бр. 09-81/1 од 13.05.2025 година**, со кое, во постапката поведена по барањето поднесено од Асоцијација на кабелски оператори АКО – стопанска интересна заедница Скопје, против Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации, и постапувајќи по службена должност против Арена Чанелс Груп Друштво со ограничена одговорност Белград КОП утврди дека:

Македонски Телеком АД Скопје, како претпријатие кое има доминантна позиција на пазарот на дистрибуција на големо/реемитување на телевизиските канали на кои се емитуваат фудбалските натпреварувања на УЕФА Лига Шампиони и УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа, - АРЕНА СПОРТ и нивните ХД верзии, на територијата на Република Северна Македонија, во периодот од 26.11.2018 година, како ден кога МТ го одбил барањето, на АКО за издавање на понуда за реемитување на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ на кои канали меѓу другото се емитуваат и фудбалските натпреварувања „УЕФА Лига на шампиони и УЕФА Супер Куп“ и “УЕФА Лига Европа“ за сезоните 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021, за територијата на Република Северна Македонија, до 26.01.2021 година како ден на склучување на Договорот за права за реемитување на програмските сервиси помеѓу МТ и А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, ја злоупотребил својата доминантна позиција на наведениот пазар, на начин што неоправдано го одбил барањето на АКО, за издавање на понуда за реемитување на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ, за

територијата на Република Северна Македонија, **што е забрането согласно член 11 став (2) точка 5) од ЗЗК и претставува прекршок од член 59 став (1) точка 2) од истиот Закон за заштита на конкуренцијата,** за што на сторителот Македонски Телеком АД Скопје му се изрече санкција – **глоба во износ од 1.537.500,оо денари**.

Постапката е во тек пред Виш Управен Суд.

**2.Решение ПП бр. 09-1/16 од 04.07.2025 година,** со кое, постапувајќи по барањето за поведување на прекршочна постапка поднесено од страна на Друштво за трговија и производство АГРО-ТРЕФ ДОО Кочани против Комунално Јавно претпријатие „Водовод” Кочани, КОП утврди дека КЈП „Водовод” Кочани како јавно претпријатие кое поседува доминантна позиција на пазарот на снабдување со геотермална вода на територијата на Општина Кочани на 18.10.2023 година доставил Договор за снабдување со количина на геотермална вода на АГРО-ТРЕФ ДОО, во кој договор вметнал ограничувачка одредба , **што претставува прекршок од член 59 став (1) точка 2), а во врска со член 11 од ЗЗК,** за што на КЈП „Водовод” Кочани, му се изрече санкција – **глоба во износ од 10.000,00 денари**.

Глобата е платена.

**Табела 2: Преглед на предмети и изречени глоби за злоупотреба на доминантна позиција согласно ЗЗК**

| Број и дата на решение | Сторител на прекршок | Вид на прекршок | Износ на глоба во денари |
|---|---|---|---|
| **ПП бр. 09- од 13.05.2025 година** | Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации | злоупотреба на доминантна позиција | 1.537.500,00 |
| **Решение ПП бр. 09-1/16 од 04.07.2025 година** | Комунално Јавно претпријатие „Водовод” Кочани | злоупотреба на доминантна позиција | 10.000,00 |
| **Вкупно изречена глоба** | | | **1.547.500,00** |

**2.1.3. Потешки прекршоци во постапка за оценка на концентрации**

**Во 2025 година, Комисијата за одлучување по прекршок донесе 5 решенија во кои утврди постоење на потежок прекршок во постапка за оценка на концентрации – неподнесување на известување за концентрација и спроведување на истата и тоа**:

**1.Решение ПП бр. 09-54/11 од 22.07.2025 година** со кое КОП утврди дека:
1) АЛФЕР Бетаилигунгс ГмбХ (со поранешен назив: Мондштајн 511. ГмбХ), Минхен, Германија како претпријатие кое стекнало контрола над алфер-алуминиум ГмбХ

Вутушинген, Германија, иако согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата било должно до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за концентрација по 1 декември 2023 година, кога бил склучен договор за купопродажба на удели со правна сила на план за инсолвентност, а пред нејзиното спроведување односно пред 04.03.2024 година, истото не поднело известување за концентрација во наведениот период, со што сторило прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата за што му се изрече санкција - глоба во износ од 49.500,00.денари и

| 86 | 29.10.2025 08-134 | Друштво за производство и трговија Раде Кончар Трансформатори и електрични постројки - ТЕП ДООЕЛ, Скопје ќе стекне контрола над Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема Раде Кончар - Апаратна | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |

Ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | техника Скопје | |
| 87 | 29.10.2025 08-147 | 4иГ СДТ ЕГИ Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг Будимпешта, Унгарија, ќе стекне контрола над Раба Јармуипари Холдинг Нирт. Унгарија | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 88 | 29.10.2025 08-145 | Althea, Луксембург ќе стекне контрола над AI Sirona Луксембург | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 89 | 29.10.2025 08-141 | МКГ ПРОПЕРТИЕС ЛТД., Лимассол, Кипар, и ТЕРРАМОНА ХОЛДИНГС ЛИМИТЕД Никозија, Кипар ќе стекнат заедничка контрола врз БАТТИНГ ЛИМИТЕД, Лимассол, Кипар | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 90 | 29.10.2025 08-146 | Саксофон Германија БидКо ГмбХ ., Минхен, Германија ќе стекне индиректна контрола врз Нидда Герман Топко ГмбХ., ц/о Интертруст, Франкфурт на Мајна, Германија | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 91 | 29.10.2025 08-139 | Бонафарм Зрт., Будимпешта, Унгарија ќе стекне контрола над ФрисландКампина Романија Холдинг Б.В., Холандија | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 92 | 29.10.2025 08-140 | Клариос Германија Холдинг ГмбХ, Хановер Германија, ќе стекне контрола над ЕКОБАТ Рисорсес Германија ГмбХ Браубах, Германија и Екобат Рисорсес Австрија ГмбХ, Арнолдштајн, Австрија | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 93 | 29.10.2025 08-143 | АЛФИ Ређуаблс д.о.о. Љубљана, Словенија, и Крафтфелд Енерџи ГмбХ , Виена, Австрија ќе стекнат заедничка контрола на над ПВП Сајгнус С.Р.Л. Букурешт, Романија | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 94 | 29.10.2025 08-144 | АЛФИ д.о.о, Љубљана, Словенија, и КАНАДА ИНК, Монтреал, Канада, ќе стекнат заедничка контрола над АЛФИ М1, д.о.о., Љубљана, Словенија, МЕРКУР трговија, д.о.о., Накло, Словенија, и МЕРКУР енергија, енергетски решенија, д.о.о., Накл, Словенија | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 95 | 19.11.2025 08-142 | АГРАНА АГ, Виена, Австрија, ќе стекне контрола над Меркатор-Емба, Словенија | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**Ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk** e-mail: kzk@kzk.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| 96 | 19.11.2025<br>08-149 | ИНФИНУМ Карловац, Хрватска, ќе стекне контрола над АМР Лтд , Хемпшир, Обединето Кралство | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 97 | 19.11.2025<br>08-135 | ЕВЕ ГРОУП ДОО Белград, ќе стекне целосна контрола над друштвата: ОБЛАК ТЕХНОЛОГИЈЕ ДОО Белград, ЛИСТ ЦОМПУТЕРС ДОО Белград, ОБЛАК ДОЦУМЕНТ СОЛУТИОНС ДОО Белград, ОБЛАК КОДЕР ДОО Белград, ЦЛОУДИС ДОО Белград, Е ЦОНСТРУЦТИОНС ДОО Белград, ЕВЕ ЛОГИСТИЦС ДОО Белград, ЕВЕ МОНТЕНЕГРО ДОО ПОДГОРИЦА, и ИВ ДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 98 | 19.11.2025<br>08-133 | АТЛАНТИЦ ДРОГА КОЛИНСКА, Љубљана, Словенија ќе стекне контрола врз ОСЕМ, Мурска Собота, Словенија | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 99 | 25.11.2025<br>08-150 | Алвин Интернационал АГ Швајцарија ќе стекне контрола над СидеПризе ЛЛЦ, САД | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 100 | 25.11.2025<br>08-151 | ГАЛЕНИКА АД. БЕОГРАД, Србија ќе стекне контрола над Санофарм д.о.о., Словенија | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 101 | 25.11.2025<br>08-158 | Скопски Пазар, акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија увоз-извоз Скопје, ќе стекне контрола над Друштвото за производство трговија и услуги ОНЕ КАБЛЕ Ф Ј ДОО Скопје | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 102 | 25.11.2025<br>08-154 | Отто ГмбХ и Ко. КГаА Хамбург Германија, ќе стекне контрола над Хермес Германија ГмбХ Хамбург Германија | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 103 | 25.11.2025<br>08-153 | ФЕНИКС Германија Холдинг ГмбХ Германија ќе стекне контрола врз ХАЕМАТО Фарм ГмбХ, Лилиентхалштр, Германија | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 104 | 25.11.2025<br>08-155 | Телеком Србија акционерско друштво, Белград,Србија ќе стекне контрола над ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ТРГОВИЈА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ЈАКОВЉЕВИЌ И СИН ДОО СОКОБАЊА Србија | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |

**Ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk** e-mail: kzk@kzk.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| 105 | 25.11.2025 08-156 | Телеком Србија акционерско друштво, Белград, Србија ќе стекне контрола над ТТТВ ЕЛЕКТРО КДС ДОО БЕЛГРАД (ЧУКАРИЦА) Србија | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 106 | 25.11.2025 08-152 | Арикома Дигитал с.р.о. Чешка, ќе стекне контрола над одреден имот на Евиден Чешка Република с.р.о.Чешка | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 107 | 11.12.2025 08-162 | НЛБ Склади Љубљана, Словенија ќе стекне контрола над Солверв-Љубљана, Словенија, Зелена струја-Загреб, Хрватска, и РЕС СПВ ЦЗ - Прага, Чешка, како и преземање на седум (7) енергетски проекти | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 108 | 11.12.2025 08-159 | 4иГ Ур ес, Будимпешта, Унгарија ќе стекне контрола врз Н7 Дефенце Холдинг, Будимпешта, Унгарија, Хиртенбергер Дефенце Системс-Унгарија, и ВАБ Корлатолт, Будимпешта Унгарија | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 109 | 11.12.2025 08-165 | ГЕН-И СОНЦЕ, Љубљана, Словенија ќе стекне контрола врз ФВ ПЛАНТ 2 Белград, Србија | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 110 | 11.12.2025 08-163 | Арикома Дигитал, Прага Чешка, ќе стекне контрола над одреден имот на Групацијата ЦЦА Прага, Чешка | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 111 | 11.12.2025 08-161 | Телеком Србија АД, Белград, Србија, ќе стекне контрола над основниот капитал на Трговско друштво МОСТ НЕТ ИСП ДОО Љубовија, Србија | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 112 | 11.12.2025 08-157 | Телекомуникации Република Српска, Бања Лука, Босна и Херцеговина ќе стекне контрола над КТВ Е-Г-Е д.о.о Добој југ, Босна и Херцеговина | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 113 | 11.12.2025 08-160 | Телеком Србија АД, Белград, Србија, ќе стекне контрола врз ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ АЛТЕКО ДОО ПЕТРОВАЦ, Србија | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 114 | 24.12.2025 08-168 | ’Блицнет’’ Босна и Херцеговина, ќе стекне непосредна поединечна контрола врз основниот капитал на ‘’КГ 1’’ Босна и | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Херцеговина | |
| 115 | 24.12.2025 08-170 | ОРБИКО СПОРТСТАЈЛ ДРУШТВО, Италија ќе стекне контрола над делови од имот и делови од деловни активности на: ЛЕВИ ШТРАУС ЈУРОП , Белгија и на ЛЕВИ СТРАУСС ДЕ ЕСПАЊА, Барселона, Шпанија | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 116 | 24.12.2025 08-164 | Саудиско друштво за електродистрибуција, Саудиска Арабија, Сауди Арабиан Индастриал Инвестментс Компани, Саудиска Арабија и 3Д Системс Инк, САД ќе стекнат заедничка контрола врз Национална компанија за индустриски иновации, Саудиска Арабија | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 117 | 24.12.2025 08-175 | Финансиско друштво Флекс Кредит ДООО Скопје, ќе стекне контрола над Друштво за услуги Флекс Пеј ДОО Скопје | Не потпаѓа под одредбите на ЗЗК |
| 118 | 24.12.2025 08-172 | Арикома Прага, Чешка , ќе стекне контрола над Конвотис Бизнис Солушнс Виена, Австрија, и на над САФИР МЕНАЏМЕНТ КОНСАЛТИНГ, Љубљана, Словенија | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 119 | 24.12.2025 08-171 | друштвото Бонд УК, Обединето Кралство ќе стекне контрола директно над БАСФ, Германија | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 120 | 24.12.2025 08-173 | друштвото АЈФХ ЛТД Никозија, Кипар ќе стекне контрола врз АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИНДУСТРИСКО МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ ИМЛЕК, Белград, Србија | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |
| 121 | 24.12.2025 08-167 | АГНА – АД, Албанија, ќе стекне контрола врз компанијата МАКО-МАРКЕТ ДОО Скопје | во согласност со одредбите на ЗЗК (одобрена) |

### 2.3. Анализа на состојбите на одредени пазари

Во 2025 година Комисијата изврши анализа на пазарот на услуги за хемиско чистење во Градот Скопје, при што беа побарани податоци за цените на услугите за хемиско чистење во Градот Скопје од претпријатија кои ги нудат наведените услуги. Врз основа на прибавените податоци и нивна анализа, Комисијата утврди дека не постојат

индикации кои укажуваат на евентуално постење на забрането договор или усогласено однесување спротивно на ЗЗК.

### 2.4. Дадени мислења од страна на Комисијата

Комисијата, согласно ЗЗК, дава мислења по предлог закони и други акти со кои се уредуваат прашања што се однесуваат на економската активност, а кои можат да имаат влијание на конкуренцијата на пазарот. Во насока на реализација на ова овластување, а воедно и јакнење на меѓуресорската соработка со надлежните органи и институции во Република Северна Македонија, во 2025 година Комисијата ги даде следните мислења:

**1.** Мислење (бр. 03-31/2 од 30.01.2025 година) по барање на Комунално Јавно претријатие „Водовод“ Кочани по однос на Договор за снабдување на количина на геотермална вода.

Во мислењето Комисијата истакна дека одредбата од Договор за снабдување со количина на геотермална вода кој треба да се склучи и во кој како право на снабдувачот-давателот се истакнува:„ Доколку дојде до прекин и исклучување од системот за напојување со електрична енергија од било кои причини кај снабдувачот – давател, истиот не е одговорен за настанатата евентуална штета кај корисникот”, Комуналното Јавно претпријатие „Водовод” Кочани се иззема од одговорност за настанатата евентуална штета кај корисникот во случај на прекин и исклучување од системот за напојување со електрична енергија, со што се злоупотребува доманинантната позиција на релевантниот пазар со условување на склучувањето договор со прифаќање на дополнителни обврски што по својата природа или согласно трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот – во конкретниот случај за снабдувањето со количина на геотермална вода (член 11 став 4) од Законот за заштита на кокуренцијата.

**2.** Мислење (бр. 03-45/2 од 30.01.2025 година) по Предлог Законот за енергетика.

Во мислењето Комисијата истакна дека во врска со Членот 241 став (4) од предлог Законот: „Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија е должен да ја откупува топлинската енергија испорачана од производителите на топлинска енергија во дистрибутивниот систем ако цената на топлинската енергија понудена од производителот е пониска од регулираната цена за топлинската енергија на регулираниот производител за износ кој е поголем или еднаков со минимално потребната разлика меѓу овие цени, утврдена според методологијата од правилникот од членот 238 став (5) од овој закон“, при носењето на соодветната методологија со правилникот да се внимава да не се создаде нарушување на конкуренцијата и истата да не доведува до затварање на пазарот.

**3.** Мислење (бр. 03-112/3 од 03.04.2025 година) по Барање од Државна комисија за спречување на корупција за доставување на податоци и информации во врска со спроведена постапка за Јавна набавка на услуги –осигурување на имот на АД Пошта на С.Македонија во државна сопственост-Скопје.

Во мислењето Комисијата истакна дека во постапката за јавна набавка на услуги, осигурување на имот, бр.15681/2024 од 04.11.2024 година спроведена од страна на АД Пошта на Северна Македонија во државна сопственост - Скопје, не се бележат ограничувачки услови, ниту нарушување на конкуренцијата на пазарот.

**4.** Мислење (бр. 03-146/2 од 21.05.2025 година) по Предлог Законот за концесии на добра од општ интерес

Во мислењето Комисијата истакна дека со член 25 став (3) точка 1) од Предлог Законот за концесии на добра од општ интерес се нарушува презумпцијата на невиност, бидејќи без донесување на правосилен правен акт/одлука од Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата со кој се решава за прашање во предметната постапка, се овозможува економските оператори да бидат исклучени од постапката за јавна набавка

**5.** Мислење (бр. 03-165/2 од 04.06.2025 година) по Предлог Законот за јавно приватно партнерство.

Во мислењето Комисијата истакна дека со член 43 став (3) алинеа 1 од Предлог Законот за јавно приватно партнерство се нарушува презумпцијата на невиност, бидејќи без донесување на никаков правен акт/одлука од Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата со кој се решава за прашање во предметната постапка, се овозможува економските оператори да бидат исклучени од постапката за доделување договор за јавно приватно партнерство.

**6.** Мислење (бр. 03-234/2 од 09.09.2025 година) по Предлог Законот за користење на енергија од обновливи извори.

Во мислењето Комисијата истакна дека во Нацрт- Закон за користење на енергија од обновливи извори да се вградат доволно заштитни механизми кои ќе оневозможат појава на ситуација во праксата каде изграден енергетски објект не може да се приклучи на дистрибутивната мрежа (или преносната мрежа) заради недостиг на капацитет.

**7.** Мислење (бр. 03-284/2 од 19.11.2025 година) по Нацрт документот за четврта анализа на пазар – пристап и започнување на услуги во јавни мобилни електронски комуникациски мрежи на Агенцијата за електронски комуникации.

Во мислењето Комисијата истакна дека е согласна со начинот на кој е дефиниран релевантниот пазар во Нацрт документот за четврта анализа на пазар – пристап и започнување на услуги во јавни мобилни електронски комуникациски мрежи на Агенцијата за електронски комуникации. Исто така, Комисијата е согласна со Предлог одлуката дадена во Нацрт документот на Агенцијата за електронски комуникации.

**8.** Мислење (бр. 03-336/2 од 29.12.2025 година) по Предлог Законот за електронски комуникации.

Во мислењето Комисијата истакна дека нема забелешки во однос на Предлог Законот за електронски комуникации.

### 2.5. Соработка на Комисијата со регулаторни тела и други државни органи

Согласно ЗЗК, Комисијата при извршување на своите надлежности соработува со други државни органи и тела за прашањата кои се во врска со заштитата на конкуренцијата. Комисијата и регулаторните тела се должни да разменуваат податоци и информации што им се потребни за вршење на своите надлежности, чиј обем на размена на информации е ограничен на податоци и информации што се соодветни и пропорционални на целите за коишто се разменуваат.

Во текот на 2025 година, Комисијата ја продолжи соработката со Бирото за јавни набавки во рамките на Стратегијата за унапредување на системот на јавните набавки во Република Северна Македонија во периодот 2022-2026 година. Во јули 2025 година, Бирото за јавни набавки, Државниот завод за ревизија, Државната комисија за жалби по јавни набавки, Државната комисија за спречување на корупцијата, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Комисијата за заштита на конкуренцијата склучија меморандум за соработка за работи од заеднички интерес поврзани со кооридинирање и усогласување на праксата на јавни набавки и унапредување на системот на јавни набавки во Северна Македонија.

Дополнително, Комисијата во Јануари 2025 склучи Меморандум за соработка со Државен пазарен инспекторат со цел поефикасна примена на Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехрамбени производи во Република Северна Македонија.

Во Февруари 2025 година Комисијата склучи Меморандум за соработка со Управата за финансиска полиција  со цел поефикасна примена на Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехрамбени производи во Република Северна Македонија.

Комисијата во Септември 2025 година склучи Меморандум за соработка со Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ со цел воспоставување на соработка, а во рамки на надлежностите на двете институции.

## Б. ДРЖАВНА ПОМОШ

### 3. Правна рамка

Правната рамка во контролата на државната помош ја сочинува Законот за контрола на државната помош и подзаконските акти потребни за негова примена.

### 3.1 Закон за контрола на државната помош

Законот за контрола на државната помош е донесен на 28 октомври 2010 година („Службен весник на РМ“ бр. 145/10). Законот влезе во сила на 13.11.2010 година.

Со донесувањето на Законот за контрола на државната помош се изврши понатамошно хармонизирање на македонското законодавство во оваа област со

законодавството на ЕУ и тоа: членовите 107-109 од Договорот за функционирање на ЕУ и ЕУ регулативите 32001R0069 и 31999R0659. Воедно се унапреди законитоста и ефикасноста во постапувањето на Комисијата преку усогласување на одредбите од Законот за контрола на државната помош со Законот за општа управна постапка и со Законот за заштита на конкуренцијата. Со тоа се овозможува поедноставна управна постапка пред Комисијата во предметите кои се однесуваат на државна помош, која постапка истовремено ќе биде појасна и транспарентна за сите заинтересирани страни.

### 3.2 Подзаконски акти кои прозлегуваат од Законот за контрола на државната помош

- Уредба за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на РМ“ бр. 268/24)

Со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) детално се уредуваат условите и постапката за доделување на помошта од мало значење (de minimis). Исто така, со оваа Уредба утврдени се условите за доделувањето на помошта, односно под кои услови може да се додели истата како и максимално дозволените износи на de minimis помошта. Воедно, се уредува и пресметувањето на износот на помошта како и кумулацијата и евидентирањето на помошта.

- Уредба за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на РМ“ бр. 142/11)

Законодавството за државна помош е усогласено со европското законодавство и во делот на известувањето за доделување на државна помош како и во делот на постапката за вршење надзор на постојната државна помош преку донесувањето на оваа Уредба. Со донесувањето на оваа Уредба детално се уредуваат начинот и постапката за поднесување на известување до Комисијата од страна на давателите на државната помош, постапката за оцена на дозволеноста на доделувањето на државната помош како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош, односно обврската на давателите на државна помош за доставување на годишни извештаи до Комисијата за доделената дозволена државна помош во претходната година. Во рамките на оваа Уредба содржани се и Образецот за известување за планираното доделување на помош, Образецот за поедноставено известување како и Образецот за поднесување на годишен извештај за доделена дозволена државна помош во претходната година.

- Уредба за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на РМ“ бр. 109/13)

Со Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош детално се уредуваат условите и постапката за доделување на регионална помош. Воедно, се уредуваат прашањата од особено значење за ефикасно вршење на оцена над планираното доделување на регионална помош, како и условите и постапката за доделување на истата. Истата е усогласена со европското законодавство во областа на доделување на регионална помош. Со оваа уредба се прецизираат условите и постапката за доделување на регионална помош, што е од значење за правилна и навремена оцена на дозволеноста или недозволеноста за доделувањето на истата, а со што се овозможува ефикасно

Ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

спроведување на надлежноста на Комисијата при надзорот и контролата на доделувањето на регионалната државна помош. Донесувањето на Уредбата е со цел усогласување на условите и постапката за доделување на регионална помош со барањата на ЕУ *acquis*. Со донесување на оваа Уредба престана да важи Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на РМ“ бр. 81/03 и 118/09).

- Уредба за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на РМ“ бр. 03/14).

Со оваа уредба детално се уредуваат прашањата од особено значење за ефикасно вршење на оцена на планираното доделување на хоризонтална помош, како и условите и постапката за доделување на истата. Воедно, со оваа Уредба се пропишуваат условите и постапката за доделување на државна помош во областите за истражување и развој и иновации, заштита на животната средина, вработување, обука, вршење на услуги од општ економски интерес и мали и средни претпријатија во кој било облик, вклучувајќи го и обликот на ризичен капитал, што е од значење за правилна и навремена оценка на дозволеноста или недозволеноста на доделувањето на помошта во овие области. На овој начин се постигнува поголем степен на усогласеност на македонското законодавство со ЕУ *acquis* од областа на државната помош. Со донесување на оваа Уредба престана да важи Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на РМ“ бр. 157/07).

- Уредба за утврдување на условите и постапката за доделување на помош за спас и реконструкција на претпријатијата со потешкотии („Службен весник на РМ“ бр. 81/03 и 83/07). Со оваа Уредба детално се утврдуваат условите и постапката за доделување на помошта за спас и реконструкција на претпријатијата со потешкотии.

На седница на Комисијата за заштита на конкуренцијата одржана на 11.12.2025 година донесена е Методологија за спроведување истраги за државна помош по службена должност.

Со оглед на тоа, Комисијата ќе продолжи со понатамошно усогласување на законодавството за државна помош со европското законодавство за државна помош.

## 4. Методолошки принципи

### 4.1. Закон за контрола на државната помош

Методолошката основа на државната помош воспоставена со Законот за државната помош („Службен весник на РМ“ бр. 24/03, 70/06 и 55/07) и подзаконските акти се надградува и со Законот за контрола на државната помош („Службен весник на РМ“ бр. 145/10).

При анализата и оцената на доставените податоци за можните случаи на државна помош, Комисијата и понатаму тргнува од основните критериуми кои ја дефинираат државната помош и тоа дали:

- се работи за мерки кои вклучуваат трансфер на државни средства (вклучувајќи национални и локални),
- дадената помош претставува економска предност за примателот на помошта,
- дадената помош е селективна и
- помошта има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

Според член 6 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на РМ“ бр. 145/10), давател на државна помош е Владата на РМ, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа како и секој друг орган или правно лице кои доделуваат или планираат да доделат државна помош.

При дефинирањето на финансиските инструменти се имаа во предвид следните групи:

- Инструменти во група А, кои се делат на две подгрупи, при што во подгрупата А1 влегуваат неповратните средства во облик на дотации, субвенции на камати, отпишување на долгови на деловни претпријатија од кредити, наплата од присилно порамнување, а во подгрупата А2 влегуваат олеснување и ослободување од плаќање на даноци и придонеси за социјално осигурување;
- Инструменти во група В, во која влегуваат финансиски трансфери на државата во облик на капитални вложувања. Во оваа група покрај класичните капитални вложувања се вбројуваат и конверзијата на побарувања на капитално учество и поволно продавање на државен имот;
- Инструменти во група С, во која влегуваат сите трансфери во кои елементот на државна помош претставува korиста од камата. Овие трансфери се или поволни позајмици (група С1) или одложено плаќање на даноци со пониска камата (група С2),
- Инструменти во група D во која влегуваат гаранциите како обезбедување на комерцијален и некомерцијален ризик.

## 5. Активности на Комисијата

Комисијата и во 2025 година продолжи со спроведување на одредбите од Законот за контрола на државната помош, особено со обврската која произлегува од член 13 од Законот во кој се предвидува сите даватели на државната помош (Владата на РМ, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа и секој друг орган или правно лице кои доделуваат или планираат да доделат државна помош) до Комисијата да доставуваат известување за секој план за доделување на нова или измена на постојната државна помош, како и за забраната планираната државна помош да биде доделена на корисник во периодот додека Комисијата не ја одобри со свое решение, односно додека не измине рокот во кој Комисијата треба да донесе решение за оцена на помошта.

Во согласност со обврските преземени со Реформската агенда 2024-2027 Комисијата во 2025 година го спроведе првиот чекор од реформата- „Според потребите за обука, доволен број судии се специјализирани преку модули за обука во постапката за ЗКП (Законот за кривична постапка)/ КЗК и правото на ЕУ со цел да се зголеми експертизата за државна помош во судовите. Опсежен модул за обука за правилата за државна помош во ЕУ што суштински го опфаќа правото на ЕУ, вклучително и клучната судска практика обезбедена од обучувач со значително искуство и експертиза во оваа област“. За таа цел, во периодот од 24.11.2025 до 26.11.2025 година, во Академијата за обука на судии и јавни обвинители, со помош на домашни и странски експерти, преку Светска банка, се одржа обука за судии за законодавството за државна помош. Темата на обуката беше Обука на судии за постапката пред Комисијата за заштита на конкуренцијата и за правото на ЕУ со цел зголемување на експертизата во судовите. Предавачи на обуката беа експерти од ЕУ и Комисијата за заштита на конкуренцијата. Со

ова се обучија најмалку 6 судии. Исто така, во 2025 година согласно вториот чекор од реформата- „Преиспитување на програмите за државна помош и постепено укинување на оние кои не се усогласени со правото на ЕУ за државна помош; Предуслов: Сите модули на САМИС (SAMIS) се целосно оперативни “ на Комисијата за заштита на конкуренцијата и е одобрен ТАЕКС проект бр. 93013, со кој е побарано експертска помош во детектирање на шемите за државна помош односно нивна ревизија со цел детектирање на оние за кои е потребно преиспитување и укинување на оние кои не се усогласени со правото на ЕУ. Додека пак, во врска со третиот чекор од реформата- „Воспоставена методологија за спроведување истраги по службена должност, врз основа на секторски ризик, меѓусекторско таргетирање по случаен избор, земајќи го предвид доделувањето случаи од над 200.000 евра по трговско друштво: најмалку 2 и 4 истраги по службена должност, по случаен избор, врз основа на ризик, ќе се спроведуваат по квартал до јуни 2026 година“ донесена е методологијата на седница на Комисијата за заштита на конкуренцијата на 11.12.2025 година. Врз основа на оваа методологија, Комисијата за заштита на конкуренцијата прави анализа на секторите кои ќе бидат предмет на истраги.

### 5.1 Донесени одлуки/решенија за одобрена државна помош во 2025 година

Во текот на 2025 година, вкупниот број на донесени решенија од страна на Комисијата изнесува 22, при што кај 18 решенија се утврдува дека мерките содржани во известувањата доставени до Комисијата од страна на давателите на државна помош претставуваат државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош од кои со 9 решенија Комисијата го дозволи доделувањето на регионална помош, во 4 решенија Комисијата утврди дека дел од мерките содржани во известувањето претставуваат помош од мало значење (de minimis помош) додека дел од мерките претставуваат доделување на хоризонтална помош, кај 1 решение Комисијата утврди дека дел од мерките содржани во известувањето претставуваат помош од мало значење (de minimis помош), дел претставуваат доделување на хоризонтална помош додека дел претставуваат доделување на државна помош за унапредување на остварување на проекти од значаен економски интерес за Република Македонија, во 4 решенија Комисијата утврди дека мерките содржани во известувањето претставуваат доделување на државна помош за унапредување на остварување на проекти од значаен економски интерес за Република Македонија, со 2 решенија а на барање на давателот на државната помош Комисијата поништи претходно донесени решенија за планирано доделување на државна помош додека со 2 решенија Комисијата согласно член 15 став (5) од Законот за контрола на државната помош не го дозволи планираното доделување на државна помош. Комисијата донесе 1 Заклучок за поведување постапка за оценување на дозволеноста на доделувањето на државната помош на Друштвото за услуги ЕМАПТА ДООЕЛ Скопје.

**Табела 7: Решенија за оценка на државна помош донесени во 2025 година**

| | Број и датум на решение Вид на помош | Давател на државна помош | Цел | Износ во денари | Износ во евра |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 10-20 од 23.01.2025 Регионала | ДТИРЗ | Нова мерка за првиот инвестициски проект на КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА | субвенција во висина од 66% од износот на платените придонеси | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | помош | | | за задолжително социјално осигурување | |
| 2 | 10-21 од 23.01.2025 Регионала помош | ДТИРЗ | Нова мерка за вториот инвестициски проект на КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА | субвенција во висина од 66% од износот на платените придонеси за задолжително социјално осигурување | |
| 3 | 10-3 од 23.01.2025 Регионала помош | ДТИРЗ | Трет инвестициски проект на КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА | 1.263.190.012,50 | 20.539.675 |
| 4 | 10-29 од 31.01.2025 Регионала помош | Развојна Банка | Кредитната линија за финансирање на инвестиции и развој на приватни трговски друштва со средства од Договорот за задолжување од Буџетот на Република Северна Македонија | 468.937.500,00 | 7.625.000 |
| **5** | 10-32 од 25.02.2025 | ДТИРЗ | Поништено решение КРОМБЕРГ&ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА СК ДООЕЛ Скопје | / | / |
| **6** | 10-31 од 25.02.2025 | ДТИРЗ | Поништено решение КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден | / | / |
| **7** | 10-28 од 25.02.2025 | ДТИРЗ | Не дозволено доделување на планирана државна помош на ЕМАПТА Македонија ДООЕЛ Скопје | / | / |
| **8** | 10-50 од 12.03.2025 Регионална помош | ДТИРЗ | Нови дополнителни мерки за инвестицискиот проект на МАГНА МИРОРС САУТ-ИСТ ЈУРОП ДООЕЛ Струга | -35% од износот на помошта која се исплаќа согласно член 4 став 4.4, член 6 став 6.1 точка д) и став 6.3 од Договорот за државна помош -19 % од износот на платените придонеси | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | за задолжително социјално осигурување предвидени со Законот за придонесите од задолжително социјално осигурување | |
| **9** | 10-41 од 12.03.2025 хоризонтална помош / де минимис | Министерство за економија и труд | Програма за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2025 година | 3.000.000,00 / 8.530.000,00 | 48.780 / 138.699 |
| **10** | 10-44 од 12.03.2025 хоризонтална помош / де минимис помош / помош за унапредување на остварување на проекти од значаен економски интерес | Министерство за економија и труд | Програма за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2025 година | 1.000.000,00 / 4.000.000,00 / 2.000.000,00 | 16.260 / 65.041 / 32.520 |
| **11** | 10-67 од 24.03.2025 | Влада на Република Северна Македонија | Друштво за производство, трговија и услуги АТС АММО ДООЕЛ Самоков, Македонски брод<br><br>Државна помош чие доделување не е дозволено согласно член 15 став (5) од Законот за контрола на државна помош | / | / |
| **12** | 10-40 А од 27.03.2025 хоризонтална помош / де минимис | Министерство за економија и труд | Програма за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2025 година, област А. Имплементација на индустриска политика | 5.000.000,00 / 8.000.000,00 | 81.301 / 130.081 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **13** | 10-40 Б од 27.03.2025 хоризонтална помош / де минимис | Министерство за економија и труд | Програма за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустија и општествена одговорност за 2025 година, област Б. Општествена одговорност | 1.400.000,00 / 600.000,00 | 22.764 / 9756 |
| **14** | 10-93 од 04.06.2025<br><br>хоризонтална помош / де минимис | Министерство за економија и труд | Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година | 733.606.761,00 / 464.660.310,00 | 11.928.565 / 7.555.452 |
| **15** | 10-99 од 20.06.2025 Регионална помош | ДТИРЗ | Инвестициски проект на ШАХТЕРМ МК ДООЕЛ Илинден | 768.750.000,00 | 12.500.000 |
| **16** | 10-100 од 02.07.2025<br><br>помош за остварување на проекти од значаен економски интерес | Агенција за промоција и поддршка на туризмот | Програма за промоција и поддршка на туризмот за 2025 година | 80.801.000,00 | 1.313.837 |
| **17** | 10-109 од 16.07.2025 Регионална помош | ДТИРЗ | Инвестициски проект на Цагатај Кабло Отомотив Електрик Системлери ДООЕЛ Илинден | 161.437.500,00 | 2.625.000 |
| **18** | 10-117 од 01.08.2025 Регионална помош | ДТИРЗ | Втор Инвестициски проект на ГЕНТЕРМ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Прилеп | 1.102.493.895,00 | 17.926.730 |
| **19.** | 10-166 од 25.11.2025<br><br>унапредување и остварување на проекти од | Министерство за култура и туризам | Програма за промоција и поддршка на туризмот за 2025 година | 100.000.000,00 | 1.626.016 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | значаен економски итерес | | | | |
| **20** | 10-169 од 03.12.2025 Регионална помош | Влада на Република Северна Македонија | Инвестициски проект на РОНТИС ДООЕЛ Велес | 92.250.000,00 | 1.500.000 |
| **21** | 10-178 од 11.12.2025<br><br>унапредување и остварување на проекти од значаен економски итерес | Министерство за финансии | Предлог на Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот на ЕСМ за Фотонапонска електроцентрала Битола 3, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје | 2.275.500.000,00 | 37.000.000 |
| **22** | 10-179 од 11.12.2025<br><br>унапредување и остварување на проекти од значаен економски итерес | Министерство за финансии | Предлог на Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за фотонапонска електроцентрала Битола 3 и за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје | 3.690.000.000,00 | 60.000.000 |
| | **Вкупно** | | | **11.235.156.978,50** | **182.685.480** |

Податоците за 2025 година, дадени во табелата, ја покажуваат вкупната сума на одобрена планирана државна помош за 2025 година и тоа во различни категории, искажани во денари и во евра. Податоците од точките 1, 2 и 8 од табелата, не можат да се претставаат како бројчан износ за одобрената државна помош. Истите, ќе бидат претставени како бројчан износ кога ќе се реализира доделена државна помош согласно овие мерки, односно, по исплатата за истите.

Категориите за кои е доделена државна помош во 2025 година се: развој на претприемништво и конкурентност на мали и средни претпријатија, поддршка на конкурентноста на преработувачка индустрија, туризам, развој на угостителство, вработување, регионална политика, проекти од значаен економски интерес за Република Северна Македонија кои за цел имаат да се зголеми учеството на обновливи извори на енергија во земјата со што ќе се придонесе за исполнување на стратешките определби и обврските согласно меѓународните договори за учеството на обновлите извори на енергија, како и планирано доделување на државна помош врз основа на Законот за финансиска поддршка на инвестициите.

Вкупниот износ на одобрена државна помош во 2025 година е 11.235.156.978,5 денари (182.685.480 евра). Од наведените податоци може да се заклучи дека учеството на доделената државна помош во 2025 година во однос на БДП (проценет податок – 1.043.880.570.000,00 денари) е 1,07 % (процентот не е финален бидејќи финалниот БДП за 2025 година би бил познат при крајот на 2026 година).

Исто така, од податоците за 2025 година може да се заклучи дека со давателите на државната помош е продолжен континуитетот на соработка во исполнување на обврските кои произлегуваат од имплементирањето на законодавството за државна помош, а со тоа е овозможено и непрекинато оценување, контрола и надзор од страна на Комисијата на таквата доделена државна помош во тие области.

### 5.2. Доделена државна помош во 2025 година

## ДОДЕЛЕНА ДРЖАВНА ПОМОШ НА СТРАНСКИ КОМПАНИИ ЗА 2025 година

**Табела 8: преглед на доделена државна помош за 2025 година од страна на ДТИРЗ**

| Грант за креирање на нови рабо. места | Плаќање во износ на платен данок на личен доход од работниот однос | % од ОИТ набавка на нови машинии /или зграда во Зоната/ како и за нематеријални | Субвенција во висина на разлика помеѓу пазарната цена и субвенционираната цена на закуп на земјиште | % од ОИТ по исполнување на посебни услови | Рефундирање на помош | Плаќања во износ на платени увозни царини за увоз на опрема | Поврат на платен данок на добивка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **средства** | **во ТИРЗ** | | | | |
| 83.005.092 ден / 1.349.676 € | 216.284.835 ден 3.516.827 € | 309.279.456 ден 5.028.934 € | 1.375.753 ден / 22.370 € | 360.799.681 ден / 5.866.661 € | 1.771.747 ден / 28.809 € | 1.911.003 ден 31.073€ | 20.600.506 / 334.968 € |

**Вкупно доделена државна помош во 2025= 995.028.073 ден / 16.179.318 еуро**

**Доделената државна помош за 2025 година е за Гересхајмер Скопје ДООЕЛ Илинден (по основ на втор договор), Магна Мирорс Саут – Ист Јуроп ДООЕЛ Струга, Кондево Мк ДООЕЛ (по однос на втор договор), Кемет Електроникс Македонија ДООЕЛ Скопје (по основ на втор договор), Магна Мекатроникс Северна Македонија ДООЕЛ Штип, Костал Македонија ДООЕЛ Охрид (по основ на прв и втор договор), ОДВ Електрик ДООЕЛ с.Мислишево Струга (по основ на трет договор), Линамар Аутомотиве Скречерс Македонија ДООЕЛ Илинден, Ипротекс Технички Текстил ДООЕЛ Илинден, Вик Македонија ДООЕЛ с. Алпинци Прилеп, Киел Македонија ДООЕЛ Желино.**

**2. Доделена државна помош за 2025 година од страна на Влада на Република Северна Македонија**

**Вкупно доделена државна помош во 2025 година е 537.718.631 мкд/ 8.743.392 еур**

- **ТЕЛАМОН-ЕВРОПА ДООЕЛ Скопје во износ од 7.576.443 денари/ 123.194 еур** за исплата на персонален данок на доход по основ ан плата и дополнителна помош во износ 10% од оправданите инвестициски трошоци
- **КРОМБЕРТ И ШУБЕРТ Македонија ДООЕЛ Битола (проект 2)** по мерката исплата на данок на добивка се исплатени **8.644.345 денари / 140.558 еуро**
- **КРОМБЕРТ И ШУБЕРТ Македонија ДООЕЛ Битола (проект 3)** по мерката исплата на персонален данок на доход по основ на плата, исплата на готовински грант во износ од 10% од износот на оправданите инвестициски трошоци,

Ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

дополнителен готовински грант во износ од 10% од износот на оправданите инвестициски трошоци и грант за вработени се исплатени **190.575.452 денари / 3.098.788 еур**

- **ДДМ Дрекселмајер Манифактуринг Македонија ДООЕЛ Кавадарци (поддружница Куманово) во износ од 156.510.594 денари / 2.544.288 еур,** за персонален данок на доход по основ на плата, исплата на данок на добивка и 10% од готовински грант од оправдани инвестициски трошоци и за креирање на нови работни места
- **Маркарт Македонија ДООЕЛ с.Долно Караслари, Велес во износ од 46.451.077 денари / 755.302 еур,** за персонален данок на доход по основ на плати и други бенефиции и исплата на данок на добивка
- **Кабекс Каблес ДООЕЛ Неготино во износ од 98.815.909 денари / 1.606.762 евра** готовински грант од 12,2% од износот на оправданите инвестициски трошоци и дополнителне готовински грант во износ од 12,2% од износот на оправданите инвестициски трошоци
- **Брејнчајлд ДОО Битола во износ од 29.144.811 денари / 473.899 евра** готовински грант за индустриско истражување во висина од 50% од износот на оправданите трошоци

## ДОДЕЛЕНА ДРЖАВНА ПОМОШ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ

### Доделена државна помош од страна на давателите на државната помош согласно програми и оперативни планови за 2025 година

**Табела 9: Доделена државна помош од страна на давателите на државната помош согласно програми и оперативни планови за 2025 година**

| | Број и датум на решение Вид на помош | Давател на државна помош | Цел | Износ во денари | Износ во евра |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | 10-29 од 31.01.2025 година Регионална помош | Развојна банка | Кредитна линија за финансирање на инвестиции и развој на приватни трговски друштва со средства од Договорот за задолжување од Буџетот на Република Северна Македонија | 231.560.808,00 | 3.765.216 |
| **2** | 10-41 од 12.03.2025 хоризонтална помош / де минимис | Министерство за економија и труд | Програма за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2025 година | 618.147,00 / 1.735.255,00 | 10.051 / 28.216 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3** | 10-40 А од 27.03.2025 хоризонтална помош / де минимис | Министерство за економија и труд | Програма за поддршка на конкурентноста на преработувачка индустрија и општествена одговорност за 2025 година Област А | 5.000.000,00 / 1.645.018,00 | 81.301 / 26.748 |
| **4** | 10-40 Б од 27.03.2025 Хоризонтална/де минимис | Министерство за економија и труд | Програма за поддршка на конкурентноста на преработувачка индустрија и општествена одговорност за 2025 година Област Б | Не е реализирана | / |
| **5** | 10-44 од 12.03.2025 година Хоризонтална помош/де минимис/ помош за унапредување на остварување на проекти од значаен економски интерес за државата | Министерство за економија и труд | Програма за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2025 годдина | Нема податоци | / |
| **6** | 10-93 од 04.06.2025 хоризонтална/ де минимис | Министерство за економија и труд | Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година | 904.907.590,00 | 14.713.945 |
| **7** | 10-100 од 02.07.2025 година Помош за остварување на проекти од значаен економски интерес | Агенција за промоција и поддршка на туризмот | Програма за промоција и поддршка на туризмот за 2025 година | 79.928.270,00 | 1.299.647 |
| **8** | 10-166 од 25.11.2025 | Министерство за култура и | Програма за промоција и поддршка на туризмот за 2025 | 39.262.407,00 | 636.980 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Унапредување на остварување на проекти од значаен економски интерес за државата | туризам | година | | |
| | **Вкупно** | | | **1.264.811.245,00** | **20.564.604** |

Вкупно доделената државна помош во 2025 година изнесува 1.264.811.245 денари (20.564.604 евра). Учеството на доделената државна помош во 2025 година во однос на БДП (проценет податок – 1.043.880.570.000,00денари) е 0,12 % (процентот не е финален бидејќи финалниот БДП за 2025 година би бил готов при крајот на 2026 година).

Во вкупната сума на доделена државна помош во 2025 година, пресметена е и вкупно доделената de minimis помош во вредност од 2500 евра, односно 153.750,00 денари доделна преку проектот „ИНОФЕИТ Европски дигитален иновациски хаб: една точка за дигитална и зелена трансформација во Република Северна Македонија“.

### 5.3 Државна помош по инструменти

Во однос на инструментите со кои е доделена државната помош за која се доставени известувања – нотификации и која е одобрена со решение од Комисијата во периодот 2025 година може да се заклучи дека државната помош доделена во 2025 година се доделувала преку инструментите од групите А2 , С2 и D.

### 5.4 Мислења од страна на Комисијата

Во 2025 година бројот на дадени мислења од страна на Комисијата е 30. Континуитетот на мислења кои Комисијата ги има донесено е резултат на потребата на давателите на државната помош да добиваат мислење од Комисијата уште во фазата на подготовка на правните акти кои можат во себе да содржат елементи на државна помош, како и на потребата од оценување на предлог договорите за доделување регионална државна помош на потенцијалните корисници. Ова, особено е важно при подготовка на предлог законите кои во себе содржат елементи на државна помош. Во таа насока, во текот на 2025 година, Комисијата даде мислење во врска со 3 Предлог закони. Имено, Комисијата даде мислење за Предлог- Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност со кое му укажа на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини дека при креирање на мерки за подобрување на енергетската ефикасност а кои потенцијално и можеле да содржат елементи на државна помош, таквата помош треба да е во согласност со законодавството за државна помош, односно со Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија“ бр.,03/14), поточно член 19-услови за доделување на

инвестициска помош за заштеда на енергија. Исто така, во зависност од видот и намената на помошта која би се доделила, законодавството за државна помош ги предвидува условите за доделување на таквите видови на помош како и интензитетот на помошта ( Поглавје III-Заштита на животна средина, поточно членовите 15-28 од горенаведената Уредба). Во своето мислење, Комисијата укажа дека при конципирањето на подзаконските акти и другите прописи со кои се уредува подетално областа опфатена со овој Предлог – Закон, треба да се земе предвид и европското законодавство од оваа област, особено новите Насоки за државна помош за климата, заштитата на животната средина и енергија усвоени во јануари 2022 година - Guidelines on State aid for climate, environmental protection and energy 2022 (2022/C 80/01), со кои меѓу другото се опфатени и критериумите за оценување дали може да се одобри помошта. Понатаму, Комисијата даде мислење и за Предлог – Законот за користење на енергија од обновливи извори. Со ова мислење, Комисијата му укажа на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини дека во Нацрт-Законот да се вградат доволно заштитни механизми кои ќе оневозможат појава на ситуација во праксата каде изграден енергетски објект не може да се приклучи на дистрибутивната мрежа ( или преносната мрежа) заради недостиг на капацитет. Од аспект на државната помош , Комисијата укажа на фактот дека при конципирање на подазаконските акти кои потенцијално содржат елементи на државна помош, истите во фаза на предлог-акти треба да се доставуваат до Комисијата за оценување поради можноста истите да претставуваат шема на помош согласно законодавството за државна помош. При креирањето на мерките за поддршка, а кои потенцијално би можеле да содржат елементи на државна помош, таквата помош да е во согласност со законодавството за државна помош, односно со Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија“ бр.,03/14), односно со Глава III-Помош за заштита на животна средина (член 15), при што во зависност од типот на помошта постојат различни правила на доделување на државната помош, вклучувајќи го тука и доделувањето на помошта заобновливи извори на енергија. Во своето мислење, Комисијата укажа дека при конципирањето на подзаконските акти и другите прописи со кои се уредува подетално областа опфатена со овој Предлог – Закон, треба да се земе предвид и европското законодавство од оваа област, особено новите Насоки за државна помош за климата, заштитата на животната средина и енергија усвоени во јануари 2022 година - Guidelines on State aid for climate, environmental protection and energy 2022 (2022/C 80/01), со кои меѓу другото се опфатени и критериумите за оценување дали може да се одобри помошта, влијанието врз конкуренцијата и пропорционалноста на мерките, минимизирање на можните дисторзивни елементи и.т.н. Исто така, Комисијата донесе мислење во врска со Предлог-Законот за поттикнување на индивидуални инвеститори-бизнис ангели. Во своето мислење, Комисијата укажа дека погодностите кои се овозможуваат со овој закон за индивидуалнитеинвеститори-бизнис ангели, се даваат кон физичките лица а не кон претпријатијата, и како резултат на тоа истите не претставуваат државна помош.

Исто така, Комисијата даде мислење за Предлог Програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премијаза 2025 година.Во своето мислење, Комисијата утврди дека Предлог Програмата се одобрува под услов истата да е во согласност со донесенето Решение на Комисијата со бр.10-6 од 23.01.2019 година.Односно, со ова Решение, Комисијата оцени

Ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

дека мерките за поддршка во вид на премија за производителите на електрична енергија од обновливи извори кои се стекнале со статус повластени производители на електрична енергија од обновливи извори претсавуваат државна помош согласно член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош, и доделувањето на истите е дозволено под услов да се доделуваат согласно Насоките на ЕК за државна помош за заштите на животната средина и енергија (2014-2020), обврска кој произлегува од член 3 став (3) од Законот за контрола на државната помош.

Комисијата даде и мислење до Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија во врска со **Правилникот** за олеснување на пристапот на македонски претпријатија, високообразовни и научни институции до фондовите на Европскиот институт за иновации и технологии (ЕИТ) и Европскиот совет за иновации (ЕСИ). Комисијата во ова свое Мислење, утврди дека обезбедувањето на техничка поддршка и финансиска поддршка на македонските претпријатија, високообразовни и научно-истражувачки институции со цел олеснет пристап до фондовите на ЕИТ и ЕСИ претставува помош од мало значење (de minimis) согласно член 4 став (1) точка 4) од Законот за контрола на државната помош и член 5 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis).

Воедно, Комисијата даде и мислење до Министерството за дигитална трансформација во врска со **Договорот за Грант** склучен помеѓу Европската Унија, претставувана од Европската Комисија како доделувач на грантот и ТРГОВСКО ДРУШТВО ЦЕНТАР ЗА ТРАНСФЕР НА ТЕХНОЛОГИИ И ИНОВАЦИИ ИНОФЕИТ ДООЕЛ СКОПЈЕ како координатор, во врска со Проектот „ИНОФЕИТ Европски дигитални иновациски хабови: една точка за дигитална и зелена трансформација во Република Северна Македонија“. Комисијата во ова свое Мислење, утврди дека обезбедувањето на услугите и поддршката од страна на ИНОФЕИТ ЕДИХ како координатор согласно Договорот за грант кон микро, малите и средни претпријатија **претставува помош од мало значење (de minimis)** согласно член 4 став (1) точка 4) од Законот за контрола на државната помош и член 5 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis).

Исто така, во текот на 2025 година, Комисијата даде мислења и за неколку инвестициски проекти на корисници во технолошко индустриско развојните зони и надвор од нив, како дел од спроведувањето на регионалната политика на Република Северна Македонија.

## 6. Коментари и заклучоци

И во текот на 2025 година, Комисијата беше на располагање за секаква неформална комуникација со сите даватели на државна помош кои имаат потреба од било каква информација во врска со планираните мерки за доделување на државна помош од страна на давателите. Не помало е и значењето на правилното спроведување на законодавството за државна помош за европските интеграции.

Податоците за доделената државна помош во Република Северна Македонија во 2025 година говорат дека државна помош во голема мера се доделувала за поддршка на

Ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

проекти кои имаат директно влијание врз развојот на економијата во државата и енергетската дејност.

Од друга страна, преку развојните програми државата учествуваше преку механизмот на државна помош во поддршката на развојот на туризмот и угостителството, каде како даватели се сретнуваат Министерството за економија и труд, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот како и Министерство за култура и туризам. Исто така, државата преку доделување на државна помош помагаше и во дел од мерките од Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година, каде што како давател се јавува Министерството за економија и труд. Министерството за економија и труд преку Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2025 година како и имплементација на индустриската политика се јавува како давател на државната помош за поддршка.

Во текот на 2025 година се продолжи со планирано доделување на регионална државна помош, која како таква е во согласност со целите на регионална политика на Република Северна Македонија и со која се поддржуваат продуктивни почетни инвестиции или отворање на работни места, поврзани со инвестициите. Имено, планираното доделување на регионална државна помош во 2025 година, продолжи со реализација на дополнителни инвестиции на постоечките странски инвеститори, корисници на државна помош.

## В. ЗАКОН ЗА ЗАБРАНА НА НЕФЕР ТРГОВСКИ ПРАКТИКИ ВО СИНЦИРОТ НА СНАБДУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

На 13 март 2024 година, Собранието на Република Северна Македонија го донесе Законот за забрана на нефер трговски практики во синцирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи, за чие спроведување е надлежна Комисијата.

Законот ги регулира нефер трговските практики помеѓу купувачите и добавувачите при што поблиску се определени нефер трговските практики кои купувачите не смеат да им ги наметнуваат на добавувачите/производители на земјоделски и прехрамбени производи.

Комисијата во изминатиот период оствари повеќе состаноци со претставници на добавувачи и купувачи на земјоделски и прехрамбени производи со цел да се појаснат одредени одредби од Законот за нефер трговски практики.

Закон за нефер трговски практики веќе се применува повеќе од една година, но и покрај одредени позитивни поместувања, надзорот на Комисијата јасно покажува дека неговата примена не е целосна. Дел од трговците-купувачите формално ги усогласија договорите за снабдување, меѓутоа и понатаму се утврдуваат појави на недозволени трговски практики. Најчесто, забранетите дејствија не се применуваат отворено, туку

Ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

преку заобиколување на законските одредби, односно преку поинакво именување на трошоци, прикриени маркетинг услуги, условување на соработка, како и дополнителни финансиски обврски врз добавувачите. Комисијата оценува дека ваквото постапување претставува сериозен проблем за пазарната рамнотежа и фер односите меѓу учесниците. Поради тоа, надзорот ќе продолжи со зголемен интензитет, а секој утврден обид за непочитување на одредбите од Законот за нефер трговски практики ќе биде соодветно санкциониран, со цел да се обезбеди негова целосна и ефективна примена.

Комисијата е свесна дека кај дел од субјектите постои воздржаност за пријавување можни повреди на законските одредби, но Законот за нефер трговски практики предвидува механизми за заштита на доверливоста и идентитетот на пријавувачите. Воедно, мора да се истакне дека дел од постапките што ги води Комисијата се поведени токму врз основа на пријави поднесени од физички и правни лица, што укажува дека системот функционира и дека постои доверба во институционалната заштита. Активното пријавување е клучно за ефикасна заштита на јавниот интерес, особено на добавувачите на земјоделски и прехрамбени производи.

**Во 2025 година, КОП ги донесе следните решенија за постоење на прекршок на одредбите од Законот за нефер трговски практики, и тоа:**

- *Заради непочитување на условите и роковите за плаќање на испорачаните земјоделски и прехрамбени производи, предвидени со член 7 став (6), а чие непочитување претставува потежок прекршок, согласно член 26 став (1) точка 2) од Законот*

1. Решение ПП бр. 13-49/27 од 09.06.2025 година, со кое во постапката поведена против претпријатието Друштво за производство трговија и услуги ВИВА ФРЕШ СТОРЕ ДООЕЛ Скопје, КОП утврди дека истото сторило прекршок од член 26 став (1) точка 2) од Законот. За прекршокот, КОП изрече глоби во износ од 9.000 Евра за правното лице и 350 Евра за одговорното лице во правното лице. Постапката е во тек пред Управен Суд.

2. Решение ПП бр. 13-49/25 од 09.06.2025 година, со кое во постапката поведена против претпријатието Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Скопје, КОП утврди дека истото сторило прекршок од член 26 став (1) точка 2) од Законот. За прекршокот, КОП изрече глоби во износ од 15.000 Евра за правното лице и 350 Евра за одговорното лице во правното лице Против донесеното решение на КОП, поднесена е тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд, која е одбиена како неоснована.

3. Решение ПП бр. 13-77/19 од 16.10.2025 година, со кое во постапката поведена против претпријатието Друштво за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, КОП утврди дека истото сторило прекршок од член 26 став (1) точка 2) од Законот. За прекршокот, КОП изрече глоби во износ од 10.000 Евра за правното лице и 350 Евра за две одговорни лица во правното лице. Против донесеното решение на КОП, не е поднесена тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд, а изречената глоба е платена.

- *Заради неусогласеност на Договор за снабдување со земјоделски и прехрамбени поризводи, кој по својата форма и содржина не ги исполнува критериумите дефинирани со одредбите од член 7 од Законот, што претставува потежок прекршок, согласно член 26 став (1) точка 1) од Законот*

1. Решение ПП бр. 13-59/12 од 04.07.2025 година, со кое во постапката поведена против претпријатието Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, КОП утврди дека истото сторило прекршок од член 26 став (1) точка 1) од Законот. За прекршокот, КОП изрече глоби во износ од 10.000 Евра за правното лице и 350 Евра за одговорното лице во правното лице. Против донесеното решение на КОП, поднесена е тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд, која е одбиена како неоснована.

2. Решение ПП бр. 13-80/11 од 05.09.2025 година, со кое во постапката поведена против претпријатието Веропулос Дооел Скопје, КОП утврди дека истото сторило прекршок од член 26 став (1) точка 1) од Законот. За прекршокот, КОП изрече глоби во износ од 14.500 Евра за правното лице и 300 Евра за одговорното лице во правното лице Постапката е во тек пред Управен Суд.

3. Решение ПП бр. 13-93/10 од 05.12.2025 година, со кое во постапката поведена против претпријатието Рамсторе Македонија ДОО Скопје, КОП утврди дека истото сторило прекршок од член 26 став (1) точка 1) и точка 3) од Законот. За прекршокот, КОП изрече глоби во износ од 20.000 Евра за правното лице и 350 Евра за одговорното лице во правното лице. Постапката е во тек пред Управен Суд.

- *Заради доставување на неточни, нецелосни или податоци кои можат да ја доведат КОП во заблуда, што претставува полесен прекршок, согласно член 27 став (1) точка 2) од Законот:*

1. Решение ПП бр. 13-26/12 од 19.06.2025 година, со кое во постапката поведена против претпријатието Мешовито друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз, услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола, КОП утврди дека истото сторило прекршок од член 27 став (1) точка 2) од Законот. За прекршокот, КОП изрече глоби во износ од 5.000 Евра за правното лице и 350 Евра за одговорното лице во правното лице. Постапката е во тек пред Управен Суд.

**Табела 10: Табела за донесени решенија за прекршоци согласно Закон за нефер трговски практики**

| Број и дата на решение | Сторител на прекршок | Вид на прекршок | Износ на глоба во денари |
|---|---|---|---|
| ПП бр. 13-49/27 од 09.06.2025 | ВИВА ФРЕШ СТОРЕ ДООЕЛ | Непочитување на условите и роковите на плаќање, согласно со членот 7 ставови (6), (7), (8), | 9.000 Евра за правното лице и 350 Евра за одговорното лице во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| година | Скопје | (9), (10) и (11) од Законот | правното лице |
| ПП бр. 13-49/25 од 09.06.2025 година | КИТ-ГО ДООЕЛ Скопје | Непочитување на условите и роковите на плаќање, согласно со членот 7 ставови (6), (7), (8), (9), (10) и (11) од Законот | 15.000 Евра за правното лице и 350 Евра за одговорното лице во правното лице |
| ПП бр. 13-26/12 од 19.06.2025 година | ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола | Доставување на неточни, нецелосни или податоци кои можат да ја доведат во заблуда КОП, согласно член 18 од Законот | 5.000 Евра за правното лице и 350 Евра за одговорното лице во правното лице |
| ПП бр. 13-59/12 од 04.07.2025 година | РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | Во договорите за снабдување не се утврдени општите деловни услови меѓу договорните страни, согласно со членот 7 ставови (3), (4) и (5) од Законот | 10.000 Евра за правното лице и 350 Евра за одговорното лице во правното лице |
| ПП бр. 13-80/11 од 05.09.2025 година | Веропулос Дооел Скопје | Во договорите за снабдување не се утврдени општите деловни услови меѓу договорните страни, согласно со членот 7 ставови (3), (4) и (5) од Законот | 14.500 Евра за правното лице и 300 Евра за одговорното лице во правното лице |
| ПП бр. 13-77/19 од 16.10.2025 година | ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје | Непочитување на условите и роковите на плаќање, согласно со членот 7 ставови (6), (7), (8), (9), (10) и (11) од Законот | 10.000 Евра за правното лице и по 350 Евра за секое од двете одговорни лица во правното лице |
| ПП бр. 13-93/10 од 05.12.2025 година | Рамсторе Македонија ДОО Скопје | Во договорите за снабдување не се утврдени општите деловни услови меѓу договорните страни, согласно член 7 ставови (3), (4) и (5) и постапување спротивно на забраните за нефер трговски практики од член 8 став (1) од Законот | 20.000 Евра за правното лице и 350 Евра за одговорното лице во правното лице |
| **Вкупно изречена глоба** | | | **86.250,00 Евра** |

**Покрај наведените 7 прекршочни постапки за кои во текот на 2025 година е донесено решение и е изречена глоба за сторените прекршоци, КОП има поведено и дополнителни 6 прекршочни постапки. Овие прекршочни постапки се поведени поради евентуално сторени прекршоци на одредбите од Законот, и тоа:**

- *Заради неусогласеност на Договор за снабдување со земјоделски и прехрамбени поризводи, кој по својата форма и содржина не ги исполнува критериумите*

*дефинирани со одредбите од член 7 од Законот, што претставува потежок прекршок, согласно член 26 став (1) точка 1) од Законот;*

- *Заради непочитување на условите и роковите за плаќање на испорачаните земјоделски и прехрамбени производи, предвидени со член 7 став (6), а чие непочитување претставува потежок прекршок, согласно член 26 став (1) точка 2) од Законот;*

- *Заради непочитување на законски одредби за нефер трговски практики предвидени со член 8 став (1) точка 20) од Законот, што претставува потежок прекршок, согласно член 26 став (1) точка 3) од Законот и*

- *Заради доставување на неточни, нецелосни или податоци кои можат да ја доведат КОП во заблуда, што претставува полесен прекршок, согласно член 27 став (1) точка 2) од Законот.*

Комисијата ќе продолжи и понатаму со засилен надзор и контроли за да се спречат нефер трговските практики, со цел ефикасна примена на Законот за нефер трговски практики.

## Г. ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во продолжение се опишани активностите на Комисијата од областа на меѓународната соработка во 2025 година, врзани за процесот на приближување кон Европската Унија, како и билатерална и мултилатерална соработка и учество на вработените во Комисијата на меѓународни семинари и конференции.

### 7. Интеграција во ЕУ

#### 7.1 Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2025 година во областа на антитруст и државната помош

Според последниот Извештај на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија во областа на антитруст и државната помош, *земјата е умерено подготвена во областа на конкуренцијата. Во текот на извештајниот период не беше постигнат напредок. Препораките на Комисијата од минатата година не беа целосно спроведени и, затоа, продолжуваат да важат. Во наредната година, Северна Македонија особено треба:*

*→ дополнително да ја усогласи правната рамка, особено законодавството за спроведување за државна помош и антимонопол, со правото на ЕУ;*

*→ да осигури целосна транспарентност на државната помош доделена од органите;*

*→ да го зајакне административниот и финансискиот капацитет на националниот орган за конкуренција*

### *7.2. Меѓуресорска соработка на планот на европска интеграција*

Комисијата е носител на НПАА Работната група 3.08 Политика на конкуренција и во тоа својство е одговорна за спроведување на потребните активности на законодавен и институционален план за поглавјето 08 Политика на конкуренција во насока на исполнување на условите за членство на Република Северна Македонија во ЕУ.

Согласно Инструментот за реформи и раст за западен балкан Реформска агенда на Северна Македонија 2024-2027 година, кој ги истакнува заложбите на Република Северна Македонија за успешно спроведување на реформите неопходни за завршување на процесот на европска интеграција, предвидена е Реформа 4.1.2. Потранспарентен и поефикасен режим на државна помош, чија цел е да се зголеми транспарентноста и ефикасноста на режимот на државна помош во земјата што ќе поддржи поефективно искористување на јавните средства. Во таа насока предвидени се 5 чекори кои Комисијата мора да ги спроведе:

Прв чекор:„Според потребите за обука, доволен број судии се специјализирани преку модули за обука во постапката за ЗКП (Законот за кривична постапка)/ КЗК и правото на ЕУ со цел да се зголеми експертизата за државна помош во судовите. Опсежен модул за обука за правилата за државна помош во ЕУ што суштински го опфаќа правото на ЕУ, вклучително и клучната судска практика обезбедена од обучувач со значително искуство и експертиза во оваа област“.

Втор чекор: „Преиспитување на програмите за државна помош и постепено укинување на оние кои не се усогласени со правото на ЕУ за државна помош; Предуслов: Сите модули на САМИС (SAMIS) се целосно оперативни “

Трет чекор: „Воспоставена методологија за спроведување истраги по службена должност, врз основа на секторски ризик, меѓусекторско таргетирање по случаен избор, земајќи го предвид доделувањето случаи од над 200.000 евра по трговско друштво: најмалку 2 и 4 истраги по службена должност, по случаен избор, врз основа на ризик, ќе се спроведуваат по квартал до јуни 2026 година“

Четврт чекор: Осигурување на самоодржливост и независност на Комисијата за заштита на конкуренцијата со воспоставување методологија што ѝ овозможува да стекне сопствени ресурси за финансирање на нејзината активност, имено со наплаќање надоместок за примателите на услуги, на пр. надоместок за спојување (декември 2026 година, повторено во декември 2027 година) и тоа до Декември 2026 година, Комисијата покрива 50 % од нејзините трошоци од сопствени ресурси; и до Декември 2027 година, Комисијата покрива 100 % од нејзините трошоци од сопствени ресурси.

## 8. Меѓународна соработка

Во текот на 2025 година продолжена е и надградена соработката со телата надлежни за примена на конкурентското законодавство во земјите од регионот и државите членки на ЕУ, започната во претходните години.

### 8.1. Билатерална соработка

Во текот на 2025 година билатералната соработка со телата за заштита на конкуренцијата на земјите од регионот интензивно се остваруваше и понатаму претставува важен елемент на меѓународната соработката на Комисијата, базирано на размена на различни искуства по прашања на пристапувањето на тие земји во ЕУ, но и на процесите и прилагодувањата на пазарната економија во поширока смисла.

### 8.2. Мултилатерална соработка

Во Февруари 2005 година е формиран ОЕЦД - Регионален центар за конкуренција (РЦК) во Будимпешта, Република Унгарија во рамките на кој се организираат семинари и обуки за вработените од надлежните органи за конкуренција во земјите на Југоисточна Европа. Вработени од Комисијата во 2025 година учествуваа на неколку семинари/работилници организирани од ОЕЦД – РЦК на одделни теми од областа на заштитата на конкуренцијата.

Република Северна Македонија е членка на ИЦН (Меѓународната мрежа за конкуренција) и во текот на 2025 година Комисијата зеде активно учество во работата на ИЦН. ИЦН помага за доближување на позициите на развиените и земјите во развој за прашања кои ја засегаат важноста за ефективно регулирање на конкурентските односи за успешен развој на националните економии, привлекување на инвестиции во земјите и целосно исполнување на барањата на потрошувачите, а со посебен осврт на потребата од продолжување на подигање на конкурентската култура и сите активности кои го промовираат конкурентското право и политика преку неприсилни механизми и соодветна едукација и специјализација на судството во оваа област.

## 9.ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Заради обезбедување на транспарентност во своето работење, Комисијата сите свои правосилни решенија ги објавува во Службен весник на Република Македонија и на веб страната на Комисијата. Веб страната на Комисијата редовно се ажурира.

Комисијата превзема и активности со кои ја подигнува свеста за потребата од заштита на конкуренцијата преку учество на национални конференции и тркалезни маси, преку информирање на медиумите за својата работа итн.

## Д. АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ НА КОМИСИЈАТА

Стручната служба на Комисијата врши стручни, нормативно-правни, управни, управно-надзорни, материјално-финансиски, сметководствени, информатички и други работи и други административно - технички работи.

На 31.12.2025 година, бројот на вработени во Комисијата изнесуваше 29 вклучувајќи ги и Претседателот и четворица членови, кои се професионално ангажирани

**Ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

во работата на Комисијата. Вработените во стручната служба имаат статус на административни службеници и помошно технички персонал. Од вкупно 24 извршители во стручната служба, 23 се со високо образование и 1 со средно образование – помошно–технички персонал.

Вкупниот број на припадници на заедниците во Република Северна Македонија, вработени во Комисијата, изнесува 9 лица односно 31 %.

## Ѓ. ЗАКЛУЧОК

Комисијата во рамките на своите овластувања во 2025 година успешно ги заврши работите на спроведување на законодавството од областа на конкуренцијата, контролата на државната помош и нефер трговските практики.

Заштитата на конкуренцијата и контролата на државната помош се правни проблематики кои константно се менуваат и дополнуваат и во ЕУ, па оттука следењето и прилагодувањето на македонското законодавство со ЕУ законодавството, претставува непрекинат процес и задача на оваа Комисија, се до стекнувањето на членство во ЕУ.

Одговорноста за ефикасното спроведување на веќе усогласеното законодавство од областа на конкуренцијата и контролата на државната помош не ја има само Комисијата, туку и Управниот Суд и Вишиот управен суд кои одлучуваат за законитоста на нејзините одлуки.

Комисијата мора и во иднина да ги извршува поставените задачи врзани за определувањето на Република Северна Македонија да стане полноправна членка на ЕУ, бидејќи областа на заштита на конкуренцијата и спроведувањето на таа гранка на правото во практика, е примарна цел во Европската Унија. Во врска со тоа, потребно е континуирано институционално зајакнување на Комисијата, пред се, преку зголемување на бројот на вработени. Сите вработени во оваа Комисија мораат непрекинато да се усовршуваат, односно да стекнуваат нови знаења како би можеле уште денес, во конкретните постапки кои ги водат, да ги применуваат европските стандарди. Комисијата има потреба од континуирано зголемување на бројот на високо образуван кадар, пред се од областите на правни и економски науки, кој ќе има добро познавање на европското право и практика во областа на конкуренцијата и контролата на државната помош и познавање на англискиот јазик, а заради успешно остварување на поставените цели и задачи во поефикасна заштита на конкуренцијата на пазарот, поефикасна контрола на државната помош и поефикасно спроведување на новиот Закон за нефер трговски практики во надлежност на Комисијата.

Средствата за работа на Комисијата се обезбедуваат од Буџетот на РСМ.

Ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

## Е. ФИНАНСОВ ИЗВЕШТАЈ
## За период 01.01.2025 до 31.12.2025 за Комисија за заштита на конкуренцијата на буџетска сметка 20056013563716

**1. Одобрен Буџет на Комисијата за 2025 година 34.800.000,00**

**2. Вкупно Расходи од 01.01.2025 до 31.12.2025 32.318.964,00**.

Според одобрениот план напоменуваме дека расходите се реализирани според потребите, а спрема контата одобрени по плановите од Буџетот на Р.М и трезорската канцеларија.

Комисијата за заштита на конкуренцијата, во текот на своето работење во 2025 година од 01.01.2025 до 31.12.2025 ги има направено следните трошоци, кои се платени од расположивите средства што ги имаше на буџетската сметка.

**Табела 11: ОДОБРЕНИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА Р. С. МАКЕДОНИЈА**

| | | |
|---|---|---|
| **401+402** | Одобрани Средства за основни плати и придонеси за социјално осугур. | 27.410.689,00 |
| **404** | Надоместоци | 252.375,00 |
| **420** | Одобрени Средства за патни и дневни расходи | 770.000,00 |
| **421** | Одобрени Средства за Комунални услуги греење,комуникација транспорт | 1.946.000,00 |
| **423** | Одобрени Средства за материјали и ситен инвентар | 120.000,00 |
| **424** | Одобрени Средства за поправка и тековно одржување | 100.000,00 |
| **425** | Одобрени Средства за Договорни услуги | 401.117,00 |
| **426** | Одобрени Средства за Други тековни расходи | 942.800,00 |
| **464** | Разни трансфери | 268.000,00 |
| **465** | Исплата по извршни исправи | 10.883,00 |
| **480** | Одобрени Средства за Купување на опрема и машини | 180.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| **483** | Купување на мебел | 84.000,00 |
| **Вкупно** | **Одобрени средства за 2025 година** | **32.485.864,00** |

**Табела 12: РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОДОБРЕНИТЕ СРЕДСТВА**

| | | |
|---|---|---|
| **401** | Основни плати и наемнини | **19.743.044,00** |
| **402** | Придонес за социјални осигур. | **7.667.645,00** |
| **404** | Надоместок за годишен одморК-15 | **252.375,00** |
| **420** | Патни и дневни расходи | **698.744,00** |
| **421** | | **1.936.569,00** |
| 421110 | Ком. услуги струја | 832.595,00 |
| 421120 | Ком. Усл. Водовод | 112.215,00 |
| 421130 | Губретарина | 47.156.00 |
| 421210 | Парно греење | 289.440,00 |
| 421310 | Трошок птт | 118.612,00 |
| 421320 | Телефон | 382.151,00 |
| 421390 | Трошоци за комуникација | 16.000,00 |
| 421410 | Горива и масла | 18.301,00 |
| 421420 | Технички преглед | 9.498,00 |
| 421440 | Транспорт на лица | 110.601,00 |
| **423** | | **119.106.00** |
| 423110 | Канцел материјал | 89.583,00 |
| 423120 | Средства за списания | 9.090,00 |
| 423190 | Други адм. материјали | 96,00 |
| 423210 | Материјали за АОП | 7.040,00 |
| 423310 | Униформи | 3.160,00 |
| 423710 | Средства за хигиена | 5.775,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 423990 | Други материјали | 4.362,00 |
| | | |
| **424** | | **97.186,00** |
| 424110 | Поправка и сер. на лесни возила | 14.280,00 |
| 424210 | Тековно одржување на згради | 46.596,00 |
| 424420 | Поправка и одржув. на софтвер | 36.310,00 |
| | | |
| **425** | | **345.904,00** |
| 425130 | Изнајмување др. тип на простор | 20.000,00 |
| 425220 | Банкарска провизија | 12.544,00 |
| 425290 | Други финансиски услуги | 3.600,00 |
| 425360 | Судски такси-правни лица | 51.887,00 |
| 425490 | Други здравствени услуги | 21.900,00 |
| 425920 | Печатење | 14.986,00 |
| 425990 | Други договорни услиги | 220.987,00 |
| | | |
| **426** | | **941.570,00** |
| 426210 | Репрезентации | 25.624,00 |
| 426310 | Обуки | 53.409,00 |
| 426410 | Огласување во весници | 822.611,00 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 39.926,00 |
| | | |
| **464** | | **267.553,00** |
| 464940 | Отпремнини | 84.268,00 |
| 464990 | Други трансфери | 183.285,00 |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **465** | | **10.883,00** |
| 465130 | Извршни – Судски плаќања | 10.883,00 |
| | | |
| **480** | | **154.975,00** |
| 480140 | Купување информатичка опрема | 154.975,00 |
| | | |
| **483** | | **83.410,00** |
| 483110 | Купување канцелариски мебел | 83.410,00 |
| | | |
| | **Вкупно расходи за 2025 година** | **32.318.964,00** |

**Вкупно: одобрен буџет за 2025**.......................................... **32.485.864,00**

**Вкупно: реализација на одобрените средства**.............. **32.318.964,00**

**Реализација на расходи од приходи по вкупно одобрен буџет по план искажано во проценти изнесува 99,49%**